## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Третото продолжение од Деведесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25 мај 2005 година

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Почитувани пратеници, дами и господа,

Продолжуваме со работа по 97-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Јани Макрадули, Цветанка Иванова, Есад Рахиќ, Весна Борозан, Славе Арсовски, Ванчо Георгиев, Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Сашко Кедев, Петар Наумовски, Љубчо Георгиевски, Зоран Крстевски, Али Ахемти и Аднан Јашари ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Продолжуваме со работа по 35-та точка- Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика, со Предлог на закон**

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на законот.

Дали некој бара збор?

Би сакал да ве известам за една работа. Бидејќи сега имате увид кој е пријавен за збор, овој дел околу тоа дали некој бара збор веќе нема да го употребувам, туку ќе погледнам дали има некој воопшто пријавено и ако нема, ќе речам дека нема пријавено за збор и фактички го заклучувам претресот.

Весна Борозан не е тука.

Бидејќи сега веќе имам пријавени за збор, повелете господине Драги Шајновски, а потоа пратеникот Спиро Мавровски.

Во Деловникот не се вели дека треба да ве прашам за збор. Сега имате дисплеј, можете сами да констатирате.

Се извинувам, ако господинот Спиро Мавровски сака да продолжи, бидејќи минатиот пат неговата дискусија беше прекината на половина поради временските ограничувања.

Повелете, господине Спиро Мавровски имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Почитуван министре, почитувани колеги, минатиот пат имавме излагање на министерот и госпоѓата Весна Борозан. Остана многу малку време за да може да се продискутира за она што беше кажано и она што е пред нас како Предлог закон за енергетика. Мислам дека во излагањето на господинот министер и колешката пратеничка се кажаа доста работи но за почеток би почнал со неколку забелешки, и тоа првата забелешка во однос на Предлогот на Владата за скратеување на рокот за донесување на предложениот закон. Ова вие го барате согласно член 172 од Деловникот на Собранието на Република Македонија. Ние и тогаш и сега укажуваме дека овој закон треба да се разгледа во редовна постапка во две фази и по можност за итноста за оваа седница и за овој закон да се искажат луѓето кои значат нешто во Републиката. Значи да ја повикаме сега стручната јавност, да ги повикаме господата експерти да го кажат своето мислење, за да не се доведуваме и ние и вие во ситуација кога нештото ќе биде донесено, а и овој закон претпоставувам дека ќе биде донесен, после тоа да имаме големи забелешки од нивна страна и од страна на целокупната јавност. Тоа е првата забелешка.

Втората забелешка во однос на овој закон е зошто се предлагаат измени и дополнувања на Законот за енергетика, кога и самите во она што го презентирате пред нас како пратеници кажувате дека се очекува во најскоро време да се изготви нов закон за енергетика, кој ќе биде расправан тука во Собранието на Република Македонија некаде во октомври оваа година. Значи повторно излегуваме од контекст на она што значи закон, од контекст на она што треба да биде заедничко и комплементарно донесено. Значи повторно издвојуваме оделни делови од Законот кои тука се обидуваме да ги презентираме и кои ќе сакаме да ги одбраниме. Мислам дека многу тешко и многу непријатно и за вас како министер и за оној кој што го предлага законот.

Во контекст на ова, во членот 11, во завршните одредби овој закон предвидува за правните лица кои вршат дејности за кои е потребно стекнување на лиценца, согласно одредбите дека треба да прибават лиценца во рок од 4 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон. Ако претпоставиме дека пред нас е веќе 1 јуни, некаде на почетокот додека влезе во важност овој закон, не очекува почетокот на октомври и донесувањето на овој закон. Значи ако е целта донесувањето на лиценците, претпоставувам, бидејќи во многу ситуации кажувате за улогата и задачата што ја има Регулаторната комисија, претпоставувам дека тие лиценци ќе можат да се донесат и дека тоа е работа точно на Регулаторната комисија и дека таа ќе си ја заврши својата работа. Но еве, вие донесувате нешто што во секој случај не е коректно и излегува од она што треба да го донесете како комплетен закон, Закон за енергетика кој можеби е еден од најважните закони со кој понатаму ќе следи она што значи либерализација на пазарот, она што значи припрема на Електростопанство на Македонија во однос на она што претстои.

Понатаму, за овој закон добивме една информација од Макпетрол-АД Скопје, во која се објаснува дека со овој закон се прекршува, или е спротивен со европското законодавство и со Уставот на Република Македонија, нарушена е директивата 2003/55 ЕЦ, со тоа што Владата го

определи ЈП "ГАМА" за преносен систем-оператор. А во Уставот се кажува дека сопственоста и трудот се основа за управување и учество во одлучувањето на Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот. Сето тоа е потврдено од Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Македонија, во свое писмено мислење број 08-1252/2 од 13.04.2005 година.

Сега се поставува генерално прашањето, ако ова е така, а со овој закон вие веќе го дефиниравте овој преносен систем - оператор,од една страна кажуваме и цело време претставуваме ситуација дека она што ќе се случи со приватизацијата на Електростопанство на Македонија, она што треба да претставува систем во кој треба сите ние заедно, вие како Влада и ние како Парламент, при одлучувањето да бидеме сигурни дека ќе биде така, значи приватната сопственост да биде таа што ќе носи понатаму и што ќе биде гарант и сигурност за било кој систем оператор во Република Македонија, ние сега наеднаш доаѓаме во ситуација од она што значи приватна сопственост, она што функционира во моментот и за кое има покренато спор и пред Врховен суд и пред Уставен суд, доаѓаме во ситуација да не веруваме на приватната сопственост и Владата во моментот кажува кој и како понатамј ќе ги извршува овие задачи и овие работи и со тоа ја ставаме државата во надредена положба, значи Владата е таа што одлучува во однос на оваа приватна сопственост, што апсолутно не кореспондира со она што понатаму ќе говориме за законите на ЕУ, регулативата што таа ја донесува и како понатаму ќе треба да се одвиваат сите овие работи.

За донесувањето на овој закон вие на нас ни предложивте нешто што значи образложение и во кое кажувате дека врз основа на сите овие обврски кои Република Македонија ги презема, во однос на она што значи ЕУ, во однос на она што значат потпишани меморандуми и обврски кон останатите држави кои се членки и потписници на овие закони, дека и ние ќе треба така да се владееме. Но, за што станува збор? Почнуваме со Договорот за Енергетската повелба, кој што е потпишан во 1996 година, и тука се согласувам дека во ставот 1 се изедначува третманот и правата на странските субјекти со домашните, што понатаму ќе видиме дека, ако ова е предуслов ние да функционираме, ова што го предлагате како закон не кореспондира со тоа што го кажувате, затоа што начинот на кој што овој закон треба да се спроведе не доведува во ситуација некој да биде повластен во целата оваа ситуација, а некој да го нема тоа. Со тоа и понатаму ќе бидеме како правна регулатива што ја кажувате во однос на она што треба да значи правна обврска на Република Македонија кон Атинскиот меморандум, повторно се доведуваме во таква непријатна ситуација.

Во ставот 3, и покрај тоа што ова е потпишано 1996 година, се кажува да се отстранат или да се објават и договорат сите технички бариери и ограничувања во меѓународната трговија со енергија и енергенси. Мислам дека ние сме малку подалеку од сето тоа и дека ќе ни треба време за да го направиме сето тоа.

Понатаму, говориме за енергетските директиви во ЕУ 2003/54 и 2003/55, за кои пред малку говоревме и регулативата 1228 од 2003 година на Европскиот парламент. За сето ова, во однос на она што значи работа на претпријатијата треба да дојдеме во ситуација тие да бидат одржливи во однос на животната средина, заштитата и климата, како и соодветното изведување на сите овие работи.

Во однос на овој закон што сега го предлагате ние говориме за пазари, говориме за продажба на енергија, ги регулираме субјектите, но од друга страна апсолутно никаде не е проговорено за овој дел, за жал, што мислам дека е многу битно и значајно, затоа што можеме да се доведеме во една непријатна ситуација доколку се случи приватизацијата, а овој дел не го имаме регулирано, апсолутно после тоа не ќе можеме да пренесеме никаква обврска. Дали се работи за јавно претпријатие или субјект на Владата, или се работи за приватно претпријатие, доколку сето ова не е регулирано доаѓаме во ситуација да ги донесеме субјектите во државата во една непријатна состојба.

За она што значи енергетска управа, независно регулаторно тело, јас ќе ве потсетам само една работа. Независното регулаторно тело за електрична енергија и природен гас е формирано со Регулаторната комисија во 2003 година. Самото формирање, она што значеше начин на формирање, бидејќи кажуваме дека Регулаторната комисија е тело на ова Собрание, значи ние како пратеници, како Собрание имавме можност да го избереме тоа тело, но ние добивме листа од пет предложени кандидати од Владата или не знам од кој беа предложени, во секој случај тука изнесовме голем број забелешки во однос на нивната стручност, во однос на нивното познавање и работење во вакви ситуации, затоа што ќе се согласиме сите заедно, и вие како министер ќе имате многу поголеми проблеми, затоа што едноставно Регулаторната комисија секаде во светот каде што функционира претставува едно тело кое паралелно на актуелната Влада ја води токму политиката за енергетика. И што се случува? Еве ги, јуни 2003, јуни 2005 година. Ние говориме за едно независно тело, регулаторно тело. Јас уште еднаш ќе ве прашам: Цената на електричната енергија за која потрошивме толку многу и време и разговори, за која кажуваме дека ќе биде 16% до 18% покачена во наредните седум до девет години, јас и сега ќе прашам дали со овие параметри кои ги направи Регулаторната комисија, со овие проценки кои ги имате направено како Министерство за економија и како Регулаторна комисија во Електростопанство на Македонија дали сте во можност да кажете сега колку во периодот 2003-2004 година требаше да биде покачена електричната енергија, дали воопшто требаше да

биде покачена, дали треба да се намали и како понатаму ќе функционира на пазарот на електрична енергија, затоа што со овој закон давате огромен број на ограничувања, кои ќе видиме понатаму само со еден закон кој што треба да го потпишеме, ако веќе се потпише, на кој што се повикувате цело време, а тоа е Атинскиот меморандум, значи ако го потпишеме сега до крајот на месец јуни 2005 година, од месец јуни 2006 година се доведуваме во ситуација да имаме правна обврска и исполнување на се она што значи Атински меморандум, а тука веќе нема да важи ништо од она што ние во меѓувреме ќе го донесеме како закон, затоа што или се приклонуваме кон она што значи заеднички пазар и ќе функционираме по тие правила, затоа што се што е национално се суспендира, или пак ова е начинот на кој вие понатаму продолжувате да работите.

Значи, со овој закон, со ова што значат енергетски директиви ќе имаме многу проблеми во однос на овој закон. Зошто? Во став 3 се вели: "отстранување на субвенциите меѓу различни класи потрошувачи". Во петокот тука слушнавме еден говор во кој говоревме и понатаму за електричната енергија како социјална категорија, ако потрошевме одреден број на киловати ќе има попуст, за одредена социјална категорија тоа ќе биде до 70%, сега доаѓаме до една непријатна ситуација. Вие како Владата кажувате дека електричната енергија дефинитивно нема да биде социјална категорија, но од друга страна презентирате од оваа говорница дека ќе се најде начин да имаме субвенции. Но еве во член 3 став 3 се зборува за отстранување на субвенциите меѓу различни класи потрошувачи. Тука завршува приказната.

Одиме понатаму: "Оптимизација на новите инвестиции од национален и регионален аспект".Новите инвестиции долго време ги очекуваме во Република Македонија, но за жал многу тешко ни оди и до сега апсолутно ги нема. Тука ќе биде голем проблем.

Понатаму, она што цело време говориме дека со законите, во ова што го презентираше Владата на Република Македонија имаме субјекти кои делуваат во рамките на Електростопанство на Македонија независно едни од други и функционираат така како што треба да функционираат, но во директивите кажуваме дека овие независни оператори на системите за пренос и дистрибуција треба да бидат сметководствено раздвојување на одделни функционални сегменти, дејности во интегрираните претпријатија, што за жал не е направено, а воведувањето на ИЕА стандарди во сметководствениот систем, независна ревизија, систем на лиценци за сите видови услуги и за право на учество во пазарот. Исто така господине министре тоа е ненаправено, значи ќе треба да се направи пред да кажеме било што.

Понатаму одиме на Договорот на основање на енергетска заедница, кој ќе биде правно обврзувачки документ, за кој што пред малку говорев и тука имаме повеќе забелешки, затоа што вие како Влада и ние како држава Република Македонија ќе треба да ги видиме многу добро пред да донесеме било какви закони, затоа што овие се веќе за нас обврзувачки. Штом е така, и правно имаме обврзувачки документи за кои ќе имаме големи проблеми.

Значи, исклучен е секаков вид дискриминација меѓу одделните членки на заедницата, тоа е првиот став, "ќе бидат забранети сите договори , одлуки и практика кои спречуваат, ограничуваат или ја нарушуваат конкуренцијата, кои овозможуваат злоупотреба на доминантна позиција на пазарот или обезбедуваат државна помош која дава предност на одредени субјекти или производи на пазарот". Со ова господине министре, сето нова што денес можеме да го усвоиме или во октомври ќе расправаме, незнам како вие ќе одлучите, ќе дојде ситуација едноставно да се доведете во ситуација сето ова да биде суспендирано, затоа што во овој закон како што вие имате предвидено апсолутно конкуренцијата ја нема, предвидувате нешто што кажав дека ќе биде тврдо и дека во првите моменти ќе најдеме најдобар начин, ќе најдеме се што е најефтино, се што е најдобро, но од друга страна ќе ги платиме и сите трошоци на оној што ја произведува електричната енергија и тие две работи заедно не одат. Или ќе биде најефтино, секаде ќе биде најефтино или пак ако ги плаќаме трошоците дефинитивно онолку колку што се, тогаш ќе имаме повторно проблем и ќе мора да ги платиме тие трошоци. Значи тогаш ќе бидат нешто што ќе биде проблем и уште еднаш ќе се изградат и прифатат конкретни обврски за имплементација на соодветните директиви кои се однесуваат на заштитата на животната средина. Значи повторно дел кој што мислам дека априори мора да се реши и тоа побрзо од било што друго.

Со ова вие треба да направите нешто со што ќе ги усогласите моделите на пазарот, заедно признавање на лиценците, што за жал никој ги нема кај нас и олеснување на условите за основање компании. Значи тоа е основано, олеснување на условите за основање на компании.

Понатаму, нешто што повторно ќе ве негира во однос на законот што го имаме, забрана на сите давачки и квантитативни ограничувања на увозот и извозот на електрична енергија и природен гас и мерки со еквивалентен ефект, освен во определени случаи на исполнување на јавен интерес и заштита на животите и имотот-да не даде господ-значи, за некои катастрофи. Освен тоа, вие треба да го обезбедите слободно и увозот и извозот. Во овој закон тоа апсолутно не е така. За извоз апсолутно не станува збор. Се што ќе се произведе во Република Македонија останува на овој пазар, немаме производ за извоз, затоа што кажавме дека ние како држава стигнавме да произведуваме околу 60% во моментот и ако даде господ да имаме развој во стопанството и во индустријата, тогаш ќе ни треба многу повеќе електрична енергија и овој процент,

за жал, бидејќи тој е максималниот што можеме да го произведеме и сите капацитети работат некаде со 90-95% од своите можности, повторно ќе дојдеме во ситуација тој процент да падне и под 50% и да увезуваме електрична енергија повеќе од 50%. Но да не заборaваме една друга работа дека со сето тоа ќе дојдеме во ситуација технички да не можеме да увезуваме толку електрична енергија колку што во моментот ќе ни треба.

Јас мислам дека тоа ќе биде еден голем проблем за кој што и оваа Влада и сите наредни влади многу брзо ќе треба да реагираат, а не да кажуваме дека ако на некого дадеме нешто тој како приватник ќе ја преземе цела одговорност, ќе направи рудници ќе направи нови производни капацитети и во Македонија сите ние, вклучувајќи го и електростопанство на Македонија и Владата ќе бидеме безбедни, ќе имаме електрична енергија која што ќе биде квалитетна и која што ќе доаѓа сигурно и безбедно до потрошувачите. Тоа не е така апсолутно затоа што отворањето на слободниот пазар ве упатува на уште една обврска, а таа е за сите потрошувачи освен домаќинствата до 2008 година ќе треба да бидеме сосема отворени и да може секој да купува и да увезува електрична енергија од државата по своја желба, вклучувајќи ги и домаќинствата до 2015 секое домаќинство ќе го најде или ќе го бара она за што сигурно мора да му се обезбеди во државата а тоа е да може да се купува електрична енергија онаму каде што ќе сака сите да ја купуваат.

Но, вие пред нас презентирате она што Владата на Република Македонија го направила досега во однос на овие реформи, колу сме сега блиски до ЕУ и НАТО пактот и дека тоа ќе биде еден предуслов ние уште побрзо да стигнеме до она што ни значи нешто, а тоа нешто е влез во ЕУ. Ве убедувам дека многу сме далеку затоа што регулаторната комисија

Прво, апсолутно не е независна.

Второ во самата регулаторна комисија има такви проблеми од некоја екзистенцијална природа, затоа што апсолутно се недопустливи за една сериозна организација. Тоа е член од регулаторната комисија остана да не биде биран повеќе од 4 месеци, дали случајно, дали намерно, дали од незнаење, апсолутно тоа не ми е јасно, но во секој случај човекот не беше биран.

Во однос на она што регулаторната комисија, според она што значи проформа, она што значи дека вие кажувате декларативно дека тоа е направена мислам дека апсолутно од сите тие работи не е ништо направено, затоа што од неколку прописи што тука треба да ги направиме (се грижи за унапредување на конкурентен пазар на енергија) дали таков досега видовте и со што се грижи да го направи тоа.

Понатаму, пропишува методологија за формирање на цени на одделни видови енергија. Тие методи, тука го нема колегата, но јас уште еднаш ќе ја потсетам Македонската јавност, а ќе ве повикам и вас господине министер како економист да се обидете да објасните на македонската јавност што значи оваа формула.

(Покажува од говорница некои материјали)

Тоа е цената која што ќе треба да ја пресмета секој за да знае колку ќе биде максималната цена на електричната енергија. Двајца професори тука не кажаа, се надевам вие како министер дека ќе можете да објасните. Јас се обидов, ги немам параметрите, можеби ќе ја најдам цената колкава е, но во секој случај апроксамативно ќе мораше тоа да го направите и да знае македонската јавност дали тоа ќе биде 16 или 18 или 180, или пак 1800%. Мислам дека така се функционира. На овој начин се фрла прашина и тука завршува приказната. Немаме апсолутно ништо.

Понатаму во став 7 се кажува "издава, менува, одзема и го следи извршувањето на лиценците за вршење на одделни дејности на електриката", што понатаму ќе видиме во законот што е пред нас пратениците апсолутно кажува дека ниеден сегмент, Електростопанство на Македонија или производител на електрична енергија или дистрибутивна мрежа таква лиценца сеуште нема, а ние го преземаме како активност и го презентираме дека тоа е активност која што ја работи регулаторната комисија.

Понатаму, покренува иницијатива за донесување на закон и други прописи од областа на енергетиката. Таква иницијатива досега регулаторната комисија освен годишните извештаи, од кои првиот го добивме со големо каснење, а за овој незнам кога претседателот ќе закаже седница да го разгледаме, мислам дека првиот каснеше премногу во однос на она што требаше да го направи.

На крајот вели доставува предлог до надлежните органи за преземање мерки во однос на нивната надлежност и казнување на одредени субјекти. Јас досега таква работа не сум слушнал, ниту знам кој е казнет, зошто е казнет и дали воопшто е казнет.

Ова е во однос на регулаторната комисија. Во однос на Владата вие како Влада касните и за регулативите, а уште повеќе касните за времето. Упорно се форсираат тези со кои се прави популизам или се сее демагогија. Зборувавме за регионален пазар, видовме што значи тоа за легислативата и либерализацијата. Ние сме убедливо последни на ова поле, но затоа сакаме да бидеме први во либерализацијата со тоа што говориме дека ќе бидеме поблиску до ЕУ и НАТО што е чиста фразиологија и лага, затоа што тоа не е никаков услов за влез ниту во ЕУ ниту во НАТО структурите. Упорно се форсира една теза врз која што сите овие закони што вие ни ги презентирате и за кои што работите се токму тие врз кои што понатаму ја градиме нашата стратегија за развој на нашиот енергетски ситем. И кога полека почнуваме да веруваме дека тоа е така идеме во една нова ситуација во која што кажувате дека ЕУ ги носи законите така да и оваа теза паѓа во вода, затоа што кажува после 12

месеци после се она што ќе биде Атински меморандум ќе биде важечки во Република Македонија и ова што денеска говориме апсолутно некој во старт може да го побие.

Понатаму, кажувате дека е завршена длабинската анализа. Јас ќе ве прашам дали таа е завршена, колку е завршена и до кои резултати е стигнато, затоа што при расправата за референдумот многу од колегите кажаа дека за таква длабинска анализа потребни се повеќе од 10 години, никој не може да каже во овој момент колкава е апсолутната вредност на Електростопанство на Македонија, врз основа на што понатаму ќе функцонираме и ќе знаеме која е цената за која што ќе говориме.

Говорите за стратегија, врз основа на она што го имате направено за продажбата на ЕСМ. Јас ќе прашам дали Владата воопшто има било каква стратегија, затоа што на секоја реакција, дали е тоа Светска банка, дали е Европската банка за обнова и развој, дали се домашните екесперти, дали е некоја дискусија незнам каде вие го менувате ставот. Значи, од 51% колку што имаше производство, дистрибуција и незнам што друго сега доаѓаме во три варијанти, значи стратегија сте немале бидејќи моменталните видувања за мене не е стратегија. Стратегија е нешто што треба да се донесе и што треба да бидеме упорни во спроведувањето на истата, дали ќе биде за шест месеци, година, две, пет, 10, но треба да имаме стратегија, да знаеме каде се движиме и дали сме на правиот пат. Вие апсолутно тоа го немате и ваквото размислување и размислувањата на Светска банка, на некој што се занимава со енергетика мислам дека не смеат и не можат затоа што вие сте веќе трет министер откако почнаа сите разговори, преговори и договори за ЕСМ, кој што се носите во лситуација да бидете човекот кој што ќе ја заврши оваа работа. Колку вие сте во сето ова си знаете подобро и од мене, но во меѓувреме се кажува во самото објаснување дека е донесен законот за преобразба.

Законот за преобразба е токму тој закон за кој пред малку говорев и кој што се најде пред колегите пратеници. Имавме долга дискусија, некој кажа дека имавме дискусија но на крајот го усвоивме. И сега повторно може да има дискусија и повторно Парламентарното мнозинство ќе го усвои, но тоа не значи дека тие забелешки кои што тогаш беа дадени не требаше да се обрне внимание, затоа што сега се покажува дека тоа истото, но за жал после година дена вие повторно се носите во ситуација токму заради тој закон и заради начинот на кој што и тогаш предвидувавте приватизација да бидете донесени во една многу непријатна ситуација. Јас ве убедувам дека во тој закон има уште многу работи кои што треба да се доработат за да имаме ситуација во која што Електростопанство на Македонија ќе функционира така како што треба. Самиот закон, носењето на законот апсолутно немаше потреба да биде пред Собранието на Република Македонија, затоа што сите структурални проблеми, апсолутно никој ништо нема против и како Влада која што е сопственик 100% од вредноста на ЕСМ тие структурални промени може да ги направи кога сака без Собранието и без ништо понатаму, затоа што вие како министер понатаму со вашите одлуки донесувате одлука понатаму да имаме повторно делба на делот кој што е производство, на производство и дистрибуција. Тоа апсолутно не го засега или не го тангира ова Собрание за да може да расправа по истото, но приватизацијата која беше ставена само во еден член и во која што стои "во договор, или во спогодба директно со Владата ќе биде донесено со закон", таквата работа може да донесе огромен број на манипулации и тоа може да ги засега апсолутно сите кои што се во овој дел.

Понатаму уште еден закон, или договорот со Европската банка за обнова и развој, со условен термин со одложен откуп на акции во приватизацијата на АД Електростопанство на Македонија, тоа е уште еден предуслов кој што понатаму вас како Влада апсолутно ќе ве кожи и за кое што исто така тука имаше забелешки, затоа што ако беа потребни средства, тие средства можеа да се најдат и со друг кредит, не да се донесе вака комплетно цела Влада и Електростопанство на Македонија доколку не исполнува одредени услови од овој договор не само приватизацијата, туку голем број на чекори се обусловени токму од овие 45 милиони евра, кои што Владата на Република Македонија ги зеде. Од друга страна имаме ситуација тоа да е обусловено, значи и понатаму ЕБОР може да дојде во ситуација ако оној што треба да инвестира или оној што понатаму треба да го купува ЕСМ, ако ЕБОР не биде задоволен со изборот на тој газда, апсолутно да не ги купи тие акции и после тоа доаѓаме во ситуација тие акции или тие средства што се земени да ги враќа повторно народот на Република Македонија преку буџетските средства. Тие средства, 45 милиони јас очекував да бидат употребени токму во ЕСМ за подготовката на приватизацијата, но на прашање каде се тие средства министерот за финансии ни објасни дека тие средства моментално се во Буџетот на Република Македонија, што значи дека покриле некоја буџетска дупка, и тука ќе завршат. ЕСМ могу мало фајде од сето тоа, но имало ситуација кога за истиот ваков кредит се направија могу големи дискусии, тоа беше крајот на мандатот на претходната Влада 2002 година, од која што ваквите средства беа побарувани за правење на далеководот од Дуброво до Червена Могила, но тогаш заврши така како што заврши.Тие средства не се добија и на тој начин се направи далеководот но средствата не се добија и успеавме сега да ги добиеме средствата, но со тоа средства да не направиме ништо туку да ги ставиме во Буџетот на Република Македонија.

Пнатаму, многу често говоревте за социјалата, но за социјалата има само еден став во кој што се кажува "принципот на универзална користи за

потрошувачите бара реформите да донесат одредена корист за потрошувачите на Електрична енергија во мало трговијата преку обезбедување на доверливо снабдување со електрична енергија при соодветни економски цени од финансиски здрави претпријатија". Ова е првиот најважен принцип во однос на кој се проценува структурата на пазарот. Ова е тоа што говори се во однос на социјалната категорија на електричната енергија.

Од друга страна ни е презентирано дека ЕСМ вакво какво што е сега не ќе може да ги изврши своите задачи, но затоа формираното друштво од Владата, МЕПСО е тоа што ќе ги исполнува сите овие карактеристики и се што понатаму значик нешто за пазарот на Република Македонија. Значи МЕПСО ќе биде задолжен за стабилна работа, да функционира комплетниот систем, да врши прогноза колку електрична енергија ќе биде потребна, како таа ќе се најде, од каде ќе се најде, увоз на потребната енергија, повторно ќе прави МЕПСО и плус тоа ќе имаме изградба на нови капацитети.

Господине министре, ние имаме Влада, имаме Електростопанство на Македонија и сето ова не го направија. Изградба на нов капацитет апсолутно нема. Ние сега говориме апроксаминативно ќе направиме, ќе направи, ќе дадеме, ќе земеме и тука се завршува. Не заборавајте дека вие МЕПСО го направивте од Електростопанство на Македонија и она што значи цена, вредност, не Еклектростопанство на Македонија во однос на МЕПСО е 90:10%, кои што ги има МЕПСО. Ако едно електростопанство во моментов и ние како држава не можеме да си земеме за право да функционираме и да направиме новио објекти кои што се очигледно неопходни, затоа што ќе ја доведеме државата на работ на хаос, енергетски хаос кој што е многу пострашен од било кој друг, значи не направивме ништо, не вложивме апсолутно во ништо, се обидовме да фрлиме нешто како магла, еве го отвораме рудникот Брод Неотино, се сече некоја лента и тука се застана. Тогашниот премиер сега веќе го нема, сигурно дека ќе ја нема и неговата одговорност, но вие како Влада мислам дека продолжувате и сте одговорни за она што значи енергетска стабилност на Република Македонија, зтоа што без разлика колку државата да има средства, колку да има пари за да може да увезе електрична енергија, ве уверувам дека ќе се донесете во ситуација и со тие пари, иако знам дека ги немаме и да ги имаме не ќе можеме да уеземе електрична енергија. Значи, тука ќе биде огромен проблем, затоа што далеководот од Штип, Дуброво, до Црвена Могила веќе помина повеќе од година дена откако е донесен кредитот од 53 милиони евра, но деновиве е распишан тендер кој ќе го работи. Уште тогаш кажавме дека во рок од 18 месеци тој дел ќе биде завршен и дека ќе имаме можност како Република Македонија делот од 15 милиони евра, кој што ќе го работиме во Република Бугарија ќе ни биде вратен во однос на електрична енергија од страна на бугарскиот МЕГ. Но, таква работа ние не завршивме за да некој ни врати и оваа година се донесувме во ситуација во месец декември да имаме недостиг околу 10% електрична енергија, која што многу тешко ќе можеме да ја надокнадиме, затоа што пазарот на електрична енергија во овој дел на Европа полека, полека се намалува.Значи таа електрична енергија многу тешко ја наоѓаме и затоа имамве 7 или 8 производители од кои што бевме принудени да купиме електрична енергија и понатаму ве уверувам дека тоа ќе се движи се потешко и потешко.

Значи, овие се предусловите за овој закон апсолутно не треба да го носиме сега по итна постапка и дека треба да најдете можност да се произнесе и експертската јавност, а и ние и заедно со останатиот закон за кој што кажувате дека ви е спремен, или е при крај ќе треба да дојдеме во ситуација сите заедно во месец октомври, откако ќе го дадете сигурно и другиот дел од законот на разгледување да се донесе овој закон кој што е неопходен за сите промени и за се она што значи понатамошно работење на Електростопанство на Македонија и на оние што евентуално сакаат да купуваат делови од него.

Во самиот предлог на закон, во членот 2 објаснувате кои се делови и дејности од областа на енергетиката. Кажувате за производство на електрична енергија, пренос на електрична енергија, дистрибуција, управување на системот, управување со електроенергетскиот систем и така околу 24 набројувања, но сето ова понатаму го фрлате во вода со тоа што во членот 9 кажу вате "вршителите на дејноста од член 2 на овој закон не можат да отпочнат со вршењето на дејноста, без да обезбедат лиценца за вршење на енергетска дејност од регулаторната комисија".

И, сега, со ова завршува приказната. Мислам дека штом ова го нема членот 2 апсолутно е непотребен, затоа што доколку никој не обезбедил вакви лиценци, за да можеме да функционираме, за да може понатаму било кој од овие дејности да се обавуваат, на кој начин тие ќе ги обавуваат дејнсотите. Апослутно не давате можност ова да профункционира, затоа што понатаму со самите лиценци кажувате во членот 10 "во Република Македонија може да се издаде само една лиценца и тоа за пренос на електрична енергија, управува со електроенергетскито систем, транзит на електрична енергија, организирање и управување со пазарот на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија. Значи, една лиценца. Дали со ова кажувате, вие како Влада веќе дефиниравте дека дистрибуцијата на електрична енергија ќе оди само со една лиценца и тоа значи дека комплетна дистрибуција ќе се продава само на еден купувач.

Понатаму, лиценцата се издава за период од 3 до 35 години во зависност од видот на енергетската дејнсот, обемот на средствата и потребите за извршување на енергетска дејност. Пред малку говоревме дека ако сега го потпишеме Атинскиот Меморандум за 12 месеци ние се обврзуваме на

она што значи правила и организација на работите со правно дејство како што го има Европската унија. Дали тоа на овој начин ние го прифаќаме и оваа лиценца од 3 години ќе треба да се намали на 2 години повторно да добиваме, пошто тие лиценци треба да ги признава Европската унија, што занчи повторно ќе биде подвргнато на она што значи контрола и ревизија.

Понатаму, во членот 3 кажувате многу работи за кои што апсолутно мислам дека ќе бидат проблем понатаму во функционирањето и на МЕПСО и на она што вие го имате предвидено, затоа што кажувате "сигурноста во снабдувањето со одделен вид на енергија се обезбедува особено преку постигнување на рамнотежа помеѓу понудата и побарувачката на пазарот на оделен вид енергија". Благовремена прогноза на нивото на очекуваното или идна побарувачка од одделен вид на енергија, кој ќе го прави сето ова. Благовремено преземање на мерки за изградба на нови енергетски капацитети. Јас мислам дека со ова, господине министре, тоа време е одамна поминато, така што понатаму ние да предвидуваме нешто, за кое што кажав во енергетиката 10 години се помалку од една година. Затоа што, отворањето на еден рудник сигурно ќе ни треба 6 до 7 години, при што меѓувреме ќе треба да го исклучиме цел капацитет на РЕК Битола, ако за то ане се реагира веднаш, а не се реагира веќе 3 години. "Благовремено преземање на мерки за изградба на нови енергетски капацитети", значи, тоа апсолутно не кажувате со што. "Мерки за покривање на врвните оптоварувања и мерки за справување при неможност на испорака на одделен вид на енергија". Мислам дека и тука ќе имаме проблем ако се дадат хидроелектраните, како во овие шпицеви ќе може човекот кој го регулира комплетно она што значи електрична енергија на Република Македонија, значи напонското ниво и фрекфенцијата, ќе биде во можност да интервенира, ког аи самите сме свесни дека во моментот електрична енергија на овој пазар на Југоисточна Европа е се помала и помала и очекување е дека како се движат годините нанапред дека тие ќе бидат уште помали.

Понатаму, во однос на членот 5 каде што говориме дека треба правнит елица кои управуваат со енергетските системи да им овозможат пристап на тие системи, врз основа на начелата на транспарентност, обејктивност и недскирминираност, а во согласност со пропишаните услови и условите определени со лиценцата, која лиценца повторно никој ја нема. Сега, дали треба да донесеме закон за кој што закон после тоа сите заедно ќе говориме дека дојдовме во ситуација да донесеме закон, затоа што сме обврзани да го донесеме законот, но од друга страна ќе интервенираме амандмански и ќе го направиме тој закон да биде прилагоден на она што значи европска директива. И, тука е вашиот проблем. Значи, досега имаше доволно време и Регулаторната комисија во овие две години и Министерството за економија во овие 3 години сето ова да го заврши, да биде презентирано пред јавноста и да донесеме еден начин на кој штопонатаму ќе функционираме. Во членот 5, исто така, има повторно во однос на недостаток на капацитет, преоптовареност на системот, функционални пречки или загрозување на сигурноста, правните лица  можат да го одбијат пристапот на страница 3 на системот за пренос и дистрибуција на електрична енергија, а лицата кои ќе бидат одбиени имаат право на жалба, но жалбата не го извршува решението. Значи, ова не е пазар на кој што ќе се купуваат јајца или нешто за кое што треба да имаме можност да видиме дали е така или не, ова е ситуација во која што генерално веднаш треба да се реагира, што значи итно, за да знаеме, затоа што може да се случи хаварија од непредвидени последици, така што тука апсолутно ова не држи дека после 8 дена некој може да ви каже дали е така или не е така.

Понатаму, финансиски гаранции за трансакциите со електрична енергија на пазарот од вршителите на дејнсота и потрошувачите што учествуваат на пазарот, финансиски гаранции во моментот дека можете да добиете, прво, ќе ви кажам дека ако тоа го побараат од МЕПСО со тие 50 милиони евра, колку што е  проценета вредноста на МЕПСО, апсолутно никој нема да си дозволи да ни продаде електрична енергија, затоа што само за оваа година електричната енергија што ние треба да ја увеземе е повеќе од 80 милијони евра. Е, сега, кажете, тоа е за една година и како ние со вредноста на МЕПСО од 50 милиони евра ќе гарантираме и некој ќе ни даде нас финансиска сигурност дека тоа можеме да го направиме или не можеме да го нарпавиме и дека тоа ќе функционира така.

Понатаму, во членот 44-ж, ова повеќе мислам дека е од правен аспект и правниците можат да дадат подобро толкување, но тука си зема за право пристап на секој имот или објект до броило, заради контрола, вградување, надзор, промена и замена на броилото и пристап до секој имот или објект до броилото заради исклучување на испораката. Дали со ова доаѓаме во ситуација за неповредливоста на станот и дали со овој закон тоа можеме да го регулираме. Да се повикаме на Законот за енергетика и да можеме д аупаднеме во секој дом, да можеме да вршиме, да исклучуваме електрична енергија. Мислам дека треба да се добие договор со она што правно како е регулирано, затоа што мислам на овој начин не ќе можеме да го направиме.

Понатаму, има нешто што повторно Владата си зема за право членот 44-ѕ каде што се кажува во својство на квалификувани потрошувачи можат да се стекнат дирекни потрошувачи кои трошат или планираат да потрошат најмалку 20 мегавати саат електрична енергија во текот на секоја календарска година. По исклучок од став 1 на овој член Владата на Република Македонија може со одлука да ја прошири категоријата. Е, сега, цело време говориме за Регулаторна комисија, говориме за функционирањето на Регулаторната

комисија и на крајот Владата си зема за право да го направи сето ова и да каже по исклучок ние ќе направиме список или листа на оние кои што треба да бидат квалификувани потрошувачи. Зошто е тоа така, мислам дека тоа може да го даде како одговор сигурно министерот, ако и на него му е јасно.

Во членот 50-б се вели: "носителот на лиценцата не може да престане со вршењето на дејноста за која е издадена лиценцата, без претходно одобрување од страна на Регулаторната комисија". Е, сега, директно прашање. Што ако овие што ќе ги купуваат дистрибутивните мрежи, производствените капацитети се донесат во банкрот ситуација? Што ќе се случи тогаќ? Ние имаме дистрибуција, имаме приватник и тој банкротира и едноставно електричната енергија се прекинува. Што тогаш? Дали стои казна, колкава е казната и кој понатаму ќе обезбеди електрична енергија. Ова е многу одговорна работа за која што ќе треба да дадете одговор. Членот 11 каде што се преодните и завршните одредби, таму кажувате дека се должни да прибават соодветни лиценци во рок од 4 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон. Значи, 4 месеци, кажав повторно е месец октомври затоа му предлагам на министерот да го повлече овој закон или да даде можност да се разгледува во две фази и врз основа на тоа да расправаме и ние и експертската јавност во Република Македонија дали воопшто има потреба сега да се носи овој закон, а Регулаторната комисија меѓувреме може да ги заврши своите обврски и да ги подели лиценците на сите овие носители на електроенергетските и производството за гас, што ќе треба понатаму да функционира. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Мавровски.

Повелете господине Шајноски, имате збор.

**Драго Шајноски:** Благодарам.

Господинот Мавровски во нему својствен стил на недаминат аналитичар даде целосно сагледување на овој закон, при што ја допре и неговата околина. Се обиде да го прикаже овој закон и неговиот однос со голем број проблеми, кои што или се пресекуваат со него, или го тангираат или одат паралелно со него. Со еден збор даде целосна слика на проблемот. Затоа, јас во една општа и кратка дискусија што претендира да биде синтеза на пробелмот ќе го изложам своето мислење за овој закон.

Откако внимателно ќе се прочита Предлог законот, нападно неизбежно ќе се забележи дека во него се е перфектно усогласено и дека во него се функционира одлично. Во овој Предлог закон демонстрирана е вештината на пишувачите да направат невидена хармонија помеѓу моменталите политички интереси на одредена политичка група и трајните економски интереси на потрошувачите т.е. народот. Се е задоволено како во бајка. Пресретнати се и интересите и на политичката камарила, но и на народот. Ова наликува на бајка која има овчари и овци, но нема волци. Според овој закон државата преку МЕПСО ќе има поголеми овластувања во менаџирањето со енергијата во Република Македонија по сите аспекти и тоа во ситуација на либерализиран пазар на енергија, отколку кога седеше во државна сопственост. Со овој закон државата ше биде во можност да менаџира и со туѓи џепови, без последица по неа, а во полза на народот. Просто да се чудиќ зошто и досега не сме го усвоиле овој закон. Ем е европски, ем е многу поволен за нас. Но, животот не е бајка. Законот е толку добар што не може да функционира во пракса. Ако се усвои овој закон брзо ќе постане кочница за либерализација на пазарот и тврдам дека ќе претрпи измени или целосно ќе падне пред првите сериозни евентуални продажби на изворите и дистрибуциите на енергија. Затоа што, тој закон веднаш ќе се судри со законите на слободниот пазар и интересите на капиталот.

Се сложувам дека донесувањето на ваков закон е нужност, бидејки претставува една порта кон влезот на либерализиран пазар. Секој потенцијален инвеститор т.е. купувач прво што ќе побара или меѓу првите закони што ќе ги побара за да ги проучи е токму овој закон, за да се увери кои се правилата на игра на пазарот на енергија во оваа држава. Никој, никогаш и никаде не би инвестирал ако однапред нема приближна проценка за тоа колку време и на кој начин ќе ја врати својата инвестиција. Никој не оди некаде само да помогне ако притоа не направи профит или не оствари други интереси, на пример политички, а подоцна секако и економски. Тоа е логиката на пазарот и на капиталот. Само во една таква констелација на односи треба да бидеме моќни, умни и организирани да ги најдеме и нашите интереси.

Затоа, предлагам да не се брза, да се повлече овој Предлог закон за енергетика и да се пристапи кон изработка на нов, за кој што велите во октомври ќе биде готов, кој ќе биде одраз на една нова ситуација, реално согледана ситуација на либерализиран пазар на кој ќе се конкурираат рамноправно и државни и приватни компании. Закон, кој ќе ја демонстрира економската логика и потребата од либерализација на пазарот, а не закон што ќе задоволува дневно-политички фрустрации на една политичка група составена од неспособни и арогантни вербалисти. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Шејноски.

Повелете господине Глигориевски.

**Тома Глигоријевски:** Благодарам господине претседателе, почитувани колеги пратеници,

Најпрво, сакам да направиме разлика од процесите кои сакаат да се поврзат, а тоа е процесот на реструктуирање, реформа во електроенергетскиот сектор и она што дискутиравме пред десетина дена во врска со приватизацијата на Електростопанство и приватизацијата во енергетскиот сектор. Тогаш,

мислам дека јасен беше заклучокот од сите, преземените обврски на Република Македонија за реформи во секторот не значат обврска и за приватизација. Меѓутоа, токму дека преземените обврски значат реформи во секторот т.е. дека овој Предлог на закон е една од алките кои ни недостасува и кој што треба да се донесе во врска со реструктуирањето. Од тој аспект мислам дека овој закон треба да го донесеме во ваква итна постапка.

Јас се сложувам со дискусијата на претходниот дискутант дека овој закон некако отстапува по содржина кога го гледаме од терковите на претходните закони и повеќе личи на уџбеник, на теорија и тоа е оправдано, затоа што со овој закон фактички влегуваме во област која досега сме ја немале во Република Македонија, а тоа е пазарот на електрична енергија. Знаеме дека енергетскиот сектор, работата на Електростопанство била во монополски услови и дека треба точно да се пише и да се предвиди ако сакаме да почне да функционира, нормално, со опасностите дека нешто има и што не може да профункционира. Меѓутоа, по мое мислење дилемата дали сега да се донесе овој Предлог закон или да се остави да се донесуваат овие уредби со комплетниот закон за енергетика за кои велиме дека се подготвува за некаде есента оваа година, е дека треба да го донесеме токму сега баш поради тоа што е овој закон сеуште теоретски и сеуште што не влегол во пракса. И треба токму сега да има барем некој пробем период, додека Електростопанство е сеуште во државна сопственсот, додека можеме да реагираме и како Парламент и преку државата, за да евентуалните неправилности во овој закон, евентуалните членови ќе нудат одредено нефункционирање на овој закон, за да Владата има време со Предлогот на комплетниот закон за енергетика да ги исправи одредбите, овие кои се дадени во одделот кој што го третира пазарот на електрична енергија.

Што се однесува до самиот текст на Предлогот на закон, според мене нема многу промени на суштината но ми останува само дилемата, бидејќи членот 2 ги третира дејностите што се оформуваат со пазарот на електрична енергија, останува дилемата дали Министерството и Владата треба да предложат измени во Законот за националната класификација на дејности, бидејќи таму не се спомнати овие дејности, оти ќе имаме фирми што ќе конкурираат за лиценци со тие дејности. Дали ќе треба да се изменат и статутите на Електростопанство и на МЕПСО.

Што се однесува до членот 4, имаме и Предлог на амандман дека покрај можноста државата да формира јавни претпријатија, дека тоа треба да бидат и акционерски друштва. Според мене, тоа треба да бидат трговски друштва, затоа што нема потреба да даваме предност на некој вид на друштва во однос на другите што можат да се формираат со Законот за трговски друштва.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете госпоѓо Бонева.

(На видео бимот е прикажано дека министерот за економија, господинот Фатмир Бесими е пријавен за збор).

Се извинувам, дали прво може да ја слушнеме госпоѓа Бонева или сакате вие збор?

Значи потоа.

Добро, повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам.

Од добиениот Предлог на закон, како и од образложението дадено по него, може да се истакнат неколку важни елементи за кои што е потребно повеќе да продискутираме.

Пред се, треба да се има предвид дека станува збор за релативно мали по обем, но извонредно значајни по суштина прашања што овие измени и дополнувања ги третираат, заради тоа што Предлогот да се оди со скратена постапка во нивното донесување е апсолутно неприфатлив.

Ставот на Владата дека не е во прашање сложен, ниту пак обемен закон, врз кој став се темели барањето за негово донесување по скратена постапка е во целост паушален и крајно непрофункционален.

Имено, со предложените промени во Законот за енергетика се прави обид правно да се регулираат основните принципи на пазарот на електрична енергија

и природен гас, двата основни енергенси што ќе бидат од суштинско значење за идниот развој, како на енергетиката во Македонија, а со тоа и на целокупната индустрија и економија во државата.

Истовремено се дефинираат и сите субјекти на идниот пазар на електрична енергија и природен гас, една фаза која е и те како значајна за државата и во никој случај не смее преку тоа да се помине по скратена постапка. Ова е многу значајно, затоа што она што не очекува е либерализација на пазарот на електрична енергија и природен гас, како и приватизација во електроенергетскиот сектор, односно продажба на Електростопанство на Македонија.

Доколку се направат грешки во дефинирањето на субјектите на пазарот, како и нивните ингеренции, обврски и задолженија, тоа може да има катастрофални резултати за понатамошната иднина на енергетиката и економијата на земјата.

Заради тоа сметаме дека не постојат предуслови да се донесе овој закон по скратена постапка.

Втората основна забелешка на овој Предлог на закон за измени на Законот за енергетика е непостоење на доволно аргументи зошто се прават овие измени на постојниот Закон за енергетика кога и самиот предлагач, Владата, во текстот, во делот на причините за неговото донесување тврди "во подготовка е нов предлог на закон за енергетика што, според Програмата за работа на Владата за 2005 година ќе се изготви и достави во месец октомври оваа година". Од ова едностано произлегува дека Владата има намера во оваа фаза, по скратена постапка да воведе

измени во постојниот Закон за енергетика, што понатаму, во постапката за донесување на целосно нов закон за енергетика нема да ги третира, што воопшто не одговара на целите и намерите на Владата за донесување на квалитетен и навистина променлив закон за енергетика.

Зошто предложените измени не станат конститутивен дел од новиот закон за енергетика и како такви во редовна постапка да влезат во телата и органите на Собранието, истите да се разгледаат и усвојат како целосно решение? Ваквото брзање, почитувани дами и господо, давање на законот во момент кога Парламентот сеуште имаше сесии, значи ни останаа слободни само два дена, сабота, недела и понеделник, да, бидејќи претходно имавме постојано седници на Парламентот господине претседателе, значи и толку имаше можност пратениците сериозно да го разгледаат законот ...

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Бонева, мислам дека не сте во право, но после кога ќе завршите ќе ви објаснам зошто не сте во право.

**Силвана Бонева:** Да, да, мислам дека не е дозволиво за ваков сериозен закон да се носи на ваков начин.

Со парцијални решенија не се постигнуваат бараните цели, туку напротив, едноставно се усложнува постојниот Закон за енергетика. Истиот, станува збир на секакви стари и нови законски одредби, што најчесто не се во согласност едни со други, ниту пак се во целосна согласност со постојните или идните движења и промени на пазарот на електрична енергија и природен гас, како во нашата земја, така и пошироко.

Едноставно, се добива впечаток дека единствена цел за донесување на овие, би рекле предвремени измени, на постојниот Закон за енергетика е вештачко создавање на било какви услови за продолжување на започнатиот процес на приватизација на АД Електростопанство на Македонија, односно создавање на било каква правна рамка што ќе постои заради форма, а не заради суштина. Заради тоа предлагаме Владата да го повлече овој Предлог за измени и дополнувања на Законот за енергетика, со Предлог на закон и наместо него да изработи целосно нов и конзистентен закон за енергетика што би се разгледувал според Предлог планот на Владата во октомври оваа година.

Предлагачот, солидно ги поставил основните постулати за донесување на овие измени. Тоа се законитост, објективност, транспарентност и посебност, но за жал освен декларативно, истите не ги преточил во соодветни законски одредби.

При читањето на предложените измени не може а да не се забележи дека делови од текстот се едноставно преведени од некој друг јазик, каде можеби истите имаат смисол, но на нашиот јазик тоа изгледа вештачки крајно неприменливо.

Имено, предлагачот, со овие измени дефинира поголем број на нови субјекти на пазарите за електрична енергија и природен гас, што иако носат симболично други имиња, во суштина имаат исти задачи и ингиренции.

Се воведуваат: производители на електрична енергија за тарифни потрошувачи, понатаму, производители на електрична енергија и т.н. дистрибуирани производители. За, понатаму во текстот, истиот тој производител на електрична енергија за тарифни потрошувачи да се нарече регулиран производител.

Додека едните, производителите на електрична енергија се нерегулирани производители, другите пак, оние кои произведуваат електрична енергија за тарифни потрошувачи, се регулирани. Што веднаш е во контрадикторност со основниот принцип на недискриминација на сите субјекти на пазарот.

Тргнувајќи од својствата на електрична енергија како објект, што не може директно да се поврзе помеѓу производителот и потрошувачот, веднаш се создава простор за манипулација, како со производителите, така и со потрошувачите, бидејќи и едните и другите се рамноправни на пазарот.

Регулаторната комисија е општото регулаторно тело во државата и мора да го регулира пазарот подеднакво за сите негови учесници. Заради тоа потребно е да се дефинираат само производители на електрична енергија, а нивното место во пазарот ќе биде утврдено преку местото и улогата што тие ќе го имаат во истиот, како и преку типот на договорите што ќе ги склучуваат со останатите субјекти на пазарот.

Слична е ситуацијата и со другите субјекти во новата шема на пазарот на електрична енергија, на пример операторот на електроенергетскиот систем и операторот на пазарот на електрична енергија. Имено, нивните активности и ингеренции толку многу се испреплетуваат во предложениот текст, што е извонредно тешко да се каже каде престануваат ингеренциите на едниот, а каде почнуваат на другиот.

Дел, пак, од активностите им се подеднакви и на двајцата, што доведува до заблуда кој што би требало да работи. На пример, во членот 44-г, став 6 алинеја 6 стои дека "операторот на електроенергетскиот систем е должен да врши прогноза на побарувачката на електрична енергија". Додека во членот 44-д, за операторот пак на пазарот на електрична енергија стои дека и тој, исто така врши "прогноза и планирање на снабдувањето и побарувачката, подготвува и поднесува до Министерството надлежно за работите едногодишни, петтогодишни и десттогодишни предвидувања на побарувачката на електрична енергија" итн. Значи, во делот на снабдувачите повторно постои поделеност што може да генерира услови за манипулација со пазарот на електрична енергија заради постоењето на т.н. снабдувачи со електрична енергија за тарифни потрошувачи на големо и снабдувач со електрична енергија за тарифни потрошувачи на мало, без притоа да се дефинира

зошто постојат вакви два субјекти и кои се критериумите за нивно разграничување? Освен, ако не се земе предвид дека првите единствено може да купуваат од производителите на електрична енергија за тарифни потрошувачи, додека вторите, не смеат. Ова претставува, повторно, директен начин на дискриминација на одредени субјекти во процесот на работа на пазарот на електрична енергија и како таков не смее да се дозволи.

Генерелно земено, предлагачот внел во овие измени толку многу поими и субјекти на новиот пазар, што создал еден конфузен и крајно неприменлив модел на пазарот на електрична енергија и природен гас. Потребно е да се преиспита моделот, крајно да се поедностави и да отпочне неговото функционирање, за подоцна, со развојот на самиот пазар, да се диференцираат евентуално новите субјекти на пазарот, со што истиот пазар би се надоградувал.

Како заклучок, уште еднаш сакаме да нагласиме дека ваквите измени во Законот за енергетика не само што нема да придонесат за подобрување на законот, туку истиот ќе го направат гломазен и нефункционален, односно овие измени се само заради форма, а не заради суштина. Сметаме дека тоа не треба да биде цел на овие законски измени и дополнувања.

Понатаму, во делот на лиценците, исто така не се дефинирани целосно предусловите и начините за нивно издавање. Особено е значајно дека според предложениот текст не се бараат, ниту се издаваат лиценци на трговците со електрична енергија. Вакви лиценци, со предложените измени, се предвидени само за трговците со природен гас. Дали е тоа случаен или намерен пропуст, не знаеме, но во секој случај не смее да се дозволи појава на трговците со електрична енергија да бидат нелиценцирани. Во другите европски земји предусловите за формирање на трговска фирма за трговија со електрична енергија се многу рестриктивни. Како на пример трговците со електрична енергија мора да имаат барем еден производен капаците во земјите на Европската унија, со компаративна инсталирана моќност на оваа што треба да ја тргуваат. На тој начин се заштитуваат од манипулациите во трговијата, како и обезбедуваат каква-таква сигурност во трговецот со кого склучиле договор за снабдување со електрична енергија.

Предлагаме и делот за лиценцирање на трговците со електрична енергија да биде подобро обраборен.

Понатаму, давање на лиценци со различен рок на важност, како што предлагачот предвидел од 3 до 35 години, во зависност од видот на енергетската дејност не соодветствува со меѓународната пракса и отвора огромен простор за манипулации како во издавањето, така и во отповикувањето, односно повлекувањето на лиценците.

Се создава можност за привилегирање на едни и дискриминација на други во процесот на издавање на лиценци. По правило, законодавецот мора да утврди фиксни термини за издавање на лиценците, како и да предвиди можност за нивно продолжување, било со овој закон, било со друг законски и подзаконски акт, на пример дистрибуција на електрична енергија пет години, со право на продолжување по автоматизам, ако нема нарушување на условите на лиценцата, понатаму производство на електрична енергија од хидроцентрали десет години, со право на продолжување по автоматизам, повторно ако нема нарушување на условите на лиценцата или трговија со електрична енергија на една или две години, без право на автоматизам и слично.

Значи, предлагаме да се доработи и делот околу издавањето на лиценци и нивното времетраење.

Во делот од Предлогот на законот, член 50-а, бројот на издадените лиценци се ограничува на една за неколку области, за кои што нема потреба да постои ограничување. Како на пример, дистрибуција на електрична енергија, снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи на големо и тарифни потрошувачи на мало.

Ако една од основните цели на реструктиурањето на електроенергетскиот пазар е зголемување на конкуренцијата и либерализација на пазарот, тогаш овие измени во целост не се во согласност со декларираните заложби. Потребно е да се овозможи постоење на конкуренција, конкурентност, недискриминација и слободен но регулиран енергетски пазар, на кој што сите субјекти ќе го најдат своето место и својот интерес.

Крајно симптоматично и тенденциозно е дефинирањето рок од 4 месеци за издавање на лиценци на правните субјекти што сега постојат на територијата на државата и се носители на пазарот на електрична енергија и природен гас, АД МЕПСО, АД ЕСМ, АД ГАМА, значи временски гледано тоа одговара на планот на Владата за донесување на новиот закон за енергетика во октомври 2005 година, донесување на овие измени во мај 2005 и рок од 4 месеци: јуни, јули, август и септември за добивање на лиценци. Значи, исто така тоа е намерно темпирано со процесот на приватизација на електроенергетскиот сектор како би се создале било како правни услови за продажба на АД ЕСМ односно отпочнување на оваа постапка во овој момент без постоење на лиценци, но со некаков дефиниран термин од 4 месеци за нивно конечно добивање.

Потребно е усогласување на термините за донесување на лиценци за работење со донесувањето на новиот закон за енергетика, односно, повторно се гледа дека донесување на овие измени и дополнувања на постојниот Закон за енергетика се предвремени и несоодветствуваат на суштината за нивно донесување, туку само заради задоволување на формата.

Почитувани колеги пратеници,

Според сето горе наведено се наметнува крајниот заклучок дека Предлогот за измени и

дополнувања на Законот за енергетика, со Предлог на закон не соодветствува на целите за кои што е наменет, преуранет е и несоодветно е неговото донесување како од временски,така и од технички карактер.

Заради тоа му предлагаме на предлагачот Предлогот на законот да го повлече, а законските измени да ги доработи и да ги достави заедно со новиот закон за енергетика што е во фаза на изработка. Потребно е сериозно да се пристапи кон овој закон, да се остави простор да се разгледува во две фази да може навистина да донесе квалитетен закон за енергетика.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Сега дозволете да одговорам на вашите забелешки на почетокот.

Пред се, вашиот говор од околу дваесетина минути и детална анализа на секој член ве демантира дека не сте имале време да го погледнете законот. Или барем експертите што сте ги консултирале да го погледаат законот.

А, дека е тоа така, малку и хронологијата на датите.

Законот ви беше доставен на 10 мај. На 18 мај е закажана седница, по барање на дел од опозицијата тие беа први точки, ставени се како последни точки. Сега сме 25 мај, тоа се 15 дена и вашиот говор го кажува дека сте имале навистина време да го погледнете законот.

Благодарам.

Министре повелете, имате збор.

(Реакција од место).

Од 10-ти до 25-ти мај, вие денеска имавте збор.

(Дофрлање од место).

Па затоа и е одложено меѓу последните, за да имате време, а во понеделник и вторник не држев седница, можев да ја држам, но заради токму тие причини. Значи, 10-ти мај до 25-ти мај, тоа се 15 дена.

Повелете господине министре.

**Фатмир Бесими:** Благодарам претседателе, Почитувани пратеници на Собранието на Република Македонија, почитувани граѓани на Република Македонија.

Сакам да кажам дека со овој закон, во постојниот Закон за енергетикаако, се воведуваат одредби со кои што ќе се уреди пазарот на електрична енергија, пазарот на природен гас во Република Македонија.

Општите услови според кои ќе се изврши уредувањето на овие пазари, ќе произлезат од обврските што произлегуваат од документите и одредбите на Европската Унија, кои се прифатени од страна на Република Македонија и кои постојат во процесот на спроведување на законодавството.

Второ, извршени се и започнатите измени во структурата на инструкторите за електрична енергија и природен гас во секторот за енергетика на Република Македонија и

Трето, целите кои сакат да се постигнат во областа на енергетиката и економијата во Република Македонија на среден и долг рок.

Тоа што сакам да укажам исто така е дека при изготвувањето на овој закон имаше доста расправа, стручна расправа и јавна расправа и тоа посебно, бидејќи во Законот овие измени се базираат на енергетскиот пазар, бидејќи беше на дискусија во јули и септември 2004 година. Исто така, измените, конкретно ова што е денес на Собранието на Република Македонија имаше јавна и стручна расправа во 2005 година што учествуваа производителите на енергија, потрошувачите, односно големите потрошувачи, организацијата на потрошувачи, Техничкиот факултет, Регулаторната комисија, потоа имаше одделни дискусии со институциите кои функционираат во енергетскиот сектор на Република Македонија.

Сакам да се навратам на тие три основни определби, поради кои се оди со овие измени на Законот за енергетика. Тоа се документите кои веќе се потпишани од страна на Република Македонија, а тоа се Договорот за енергетска повелба потпишан 1996 година, каде што меѓу другото се прифати обврската во трговијата со енергија и енергенти да се воведат правилата на Светската трговска организација за национален третман на производите и услугите, третман на неорганизирана акција, како и да се отстранат техничките бариери и ограничувања на трговијата на енергија и енергенти.

Второ, енергетските директиви на Европската Унија, тоа се директивата за правилата на внатрешниот пазар за електрична енергија и директивата за правилата на внатрешниот пазар на природен гас. Потоа регулативата на Европскиот Парламентнт и Советот за условите за пристап кон мрежата за прекугранича размена на електрична енергија.

Наредни документи претставуваат меморандумите на разбирање за формирање на регионални пазари на електрична енергија и природен гас и нивното приклучување кон внатрешните пазари на енергија на Европска Унија, таканаречените Атински меморандуми 2002 и 2003 година.

Со пристапување на Република Македонија кон овие спогодби се прифати обврската за следење и реализирање на следните определби: институционални мерки, административни мерки, кооперативни мерки. Во институционалните се формирање на една управа во Министерството за економија и независно регулаторно тело за електрична енергија и природен гас е Регулаторната комисија за енергетика. Административните мерки се реформите во определување на цените во тарифните системи, воведување на нови услови за прекугранична трговија и танзит на територијата на Република Македонија, отстранување на сугестиите меѓу

разни класи потрошувачи и реализација на процедурите и критериумите за изградба на нови производствени капацитети, воведување на мерки за поголема ефикасност и други.

Понатаму, корпоративните мерки за формирање на независни оператори на системите за пренос и дистрибуција на електрична енергија и природен гас.

Нареден документ кој чекаме да се официјализира во текот на оваа година, тоа е Договорот за основање на енергетска заедница. Основна цел на овој договор е формирање на интегрирани пазари на електрична енергија и природен гас во Југоисточна Европа, кои ќе функционираат според принципите и правилата. применливи во рамките на Европската Унија, за итно интегрирање на тој пазар. Овозможување на стабилно постоење и економично стартување со енергија како услуга од јавен интерес со системите и изворите во соседството и високо ниво на пристап на таа енергија до сите потрошувачи. Создавање на единствена и правилна регулаторна рамка, стабилни пазарни односи со трговија на електрична енергија и природен гас на целиот простор на регионот. Развивање на конкуренцијата и ликвидноста на овие пазари и искористување на сознанијата и подобрување на општата состојба на животната средина, енергетската ефикасност и социјалните услови во општеството кај земјите членки на заедницата.

Понатаму, како втор аспект, поради кој одиме со измените се реформските активности кои веќе се започнати и се во фаза на реализација. Само накратко ќе набројам некои од нив. Такви активности се: основањето на Регулаторната комисија за енергетика, со измена на Законот за енергетика од јули 2003 година, потоа донесувањето на закон за преобразба на Електростопанство на Република Македонија во делот за пренос, производство и дистрибуција од март 2004 година. Потоа реструктуирањето на Акционерското друштво ЕСМ на две компании. Се очекува понатаму да се реализира во септември 2005 година и усвојувањето на моделот за пазар на електрична енергија во Република Македонија кој беше усвоен во декември 2004 година.

Основните принципи на тој пазар се: универзалната корист за потрошувачите, средување на средствата, покривање на трошоците, забрана на субвенции меѓу класите, усогласеност со Европската Унија, контрола врз влијанието на човековата околина и исполнување на јавната услуга и одржлив развој.

Во наредниот период следат и активности за спроведување на реформите во гасоводниот сектор на Република Македонија, што значи пред се, поделба на дејностите и тоа пренос на природен гас и дистрибуција на природен гас, потоа воспоставување на внатрешен пазар на природен гас.

Почитувани пратеници, значи целта на овој закон е во Законот за енергетика да се воведат одредбите со кои ќе се регулира пазарот на електрична енергија и пазарот за природен гас во Република Македонија. Од овие измени ние очекуваме создавање на единствена правна рамка со воведување на новите пазарни односи во Секторот за електрична енергија и природен гас, демонополизација и измена на структурата во секторот во таа насока, воведување на конкурентни односи на пазарот и овозможување на стабилно, постојано и економично стартување со енергија.

На крајот, почитувани пратеници уште еднаш ја користам приликата да ве поканам, односно да ве повикам да гласате за овој закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Лалчевска, имате три минути реплика.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам господине претседателе, Јас всушност, имам едно прашање до господинот министер. Тој многу педантно ни ги објасни документите кои се користени за овој закон и кои не обврзуваат да извршиме одредени реформи во овој сегмент и договорот за основање на енергетска заедница кој се очекува наскоро да биде потпишан, ако добро го разбрав господинот министер.

Исто така, најавен е нов закон кој ќе ја регулира оваа материја. Јас имам прашање зошто, ако наскоро очекуваме нов закон одиме со предлог за дополнување и изменување на постојниот закон. Колку што имаме информации во процедура е изготвување на новиот закон. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Мавровски, имате три минути реплика.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе, очекував министерот на сите овие забелешки, барем на дел од нив да изнесе свое видување или одговор на она што го прашавме во однос на овие измени на Законот за енергетика, но за жал, тој само ги повтори овие работи за кои што говорев повеќе од половина час. Значи, сите тие Атинскиот меморандум, европските регулативи и се она што значи прифаќање, или неприфаќање на Република Македонија на тие директиви и како со овој закон, апсолутно, ние наместо да ги прифатиме тие директиви, одиме против, затоа што самите членови од Законот кажуваат за нешто за кое што се обидов да му образложам, дали ќе треба уште еднаш да го повторувам сето тоа, затоа што она што беше презентирано од страна, апсолутно не е вградено во овие предлог измени на овој закон.

Токму поради тоа, не дека дали некој има време или нема време, подоцна увидовме дека некој го разгледувал законот повеќе од една година. Ако е така, тогаш е во ред да биде предложен целиот закон за енергетика, а не само овој дел, или сегментот од овој закон, кој што претставува повеќе од една третина. Значи 33% променуваме од Законот, со тоа што вие кажувате дека сте држеле седници и дискусии со определени стручни лица во државата. Истото ова го

кажувавте и претходно со приватизацијата, но за жал, излезе дека некои луѓе од Владата, или одреден дел од раководството на Електростопанство на Македонија имате такво мислење во однос на продажбата, сите други имаат спротивно. Исто така ќе биде и со овој закон за енергетика, затоа што апсолутно, тргнувајќи од лиценците кои што ги ограничуваат, едноставно, ги забрануваат сите овие работи. Зборувавме за фактички ситуации за кои што вие не нудите одговор. Значи, одземање на лиценцата од банкротирање, немање право на сето тоа да го направи, па како тие лиценци можат да се додадат во однос на овие три години, кога после една година Атинскиот меморандум правно ќе ја обврзува Република Македонија за се она што ќе значи кај нив правило и регулатива вие без разлика на овој закон што сега ќе го донесеме, ќе морате тоа да го примените. Значи ќе треба да примениме слободен пазар на електрична енергија, слободен избор и на призведувачот и оној што ќе треба да купува и да продава електрична енергија на пазарот во Република Македонија. За сето тоа, апсолутно, тука не нудите никаков одговор, освен дека сите заедно треба да чекаме 4 месеци и после тие 4 месеци некои од субјектите во енергетскиот сектор ќе добијат лиценци, а некои нема и после тоа да преминеме на продажбата.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Мавровски. Инаку е точно дека зборувавте повеќе од 51 минута. Покоректно е да се каже зборувавте помалку од еден час.

Повелете господине министре, имате една минута.

**Фатмир Бесими:** Што се однесува до прашањето зошто сега работиме на овие измени, мислам дека во излагањето јас укажав тие обврски кои ние ги имаме превземени со овие меѓународни документи и од тој аспект, имајќи предвид дека договорот на енергетската заедница се реализира во текот на оваа година и ние со овие измени одиме на тие основни определби за воспоставување на правилата на енергетски пазар. Инаку законот кој ќе биде, тој ќе биде многу покомплициран и ќе имаме прилика за дискусија во наредниот период.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Ги повикувам пратениците да влезат за да пристапиме кон гласање.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Ги повикувам уште еднаш пратениците да влезат во салата.

Сега во салата се присутни 61 пратеник.

Го предлагам следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеника, 52 гласале за, 2 се воздржале, 5 гласале против.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеника, 52 гласале за, 1 воздржан, 5 против.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани за менување на член 1, член 4 став 1 и 3, член 5 став 2, член 8 во новиот член 44-а, став 13, член 8 во новиот член 44-б став 5, член 8 во новиот член 44-г за менување на став 6, член 8 во новиот член 44-з став 4, за менување на став 8 и на ставовите 10 и 11, член 8 во новиот член 44-л став 4 и на член 9 став 6 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Аднан Јашари, поднесе амандман на член 4 став 1, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Цветанка Иванова, Весна Борозан и Јанаќе Витановски, поднесоа амандман на член 8 во новиот член 44-з, за менување на став 8 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 1 поднесен од пратеникот Аднан Јашари.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за економија.

**Фатмир Бесими:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 8, во новиот член 44-з за менување на став 8, поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Весна Борозан и Јанаќе Витановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за економија.

**Фатмир Бесими:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

**Спиро Мавровски:** Претседателе, има уште амандмани.

**Љупчо Јордановски:** Ако слушавте, тие се прифатени и стана составен дел од текстот на законот.

**Спиро Мавровски:** Јас сакав да се јавам и да кажам.

**Љупчо Јордановски:** Зошто не се јавивте. Јас ова не го инсталирав да стои за убавина.

Ве повикувам да гласаме.Всушност гласавме.

Гласале 48 пратеници, 45 гласале за, еден воздржан, двајца против.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетика.

Сега ќе ви објаснам нешто господине Мавровски. Оваа техника овде не е ставена за џабе и не е забе трошено енергија и сила. Заради тоа е. Ова кошта и струја и пари.

**Спиро Мавровски:** Вие читате брзо и ние сега треба да ве фатиме ватиме вас во чекор. Неможеме да ве следиме.

**Љупчо Јордановски:** Не мора да ме следите, горе ви е ставено, нема никој пријавено, пријавувајте се.

**Минуваме на точка 36-Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за водите, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор?

Прво му давам збор на господинот заменик министер Санде Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Предложениот закон за измени и дополнувања на Законот за води со Предлог на закон, произлегува од постоечката правна рамка на законот за води од 1998 година, каде не постојат прецизни одредби околу постапката, начинот и времето ка концесиите за користење на водите.

Основната цел на политиката на Владата на Република Македонија за создавање услови за странски инвестиции, правната сигурност и заштита на инвестициите и правата на инвеститорите во областа на водостопанството е можно само преку воспоставување на ефикасен систем на користење на водата. Ваквиот систем има за цел, водата како природно богатство да се искористи, пред се, за остварување на јавниот интерес, но истовремено и на интересите и потребите од вода, на сите корисници, особено во делот на хидроенергетиката и други стопански и услужни дејности, како што одгледување на риби, езерски сообраќај, туристички услуги и др.

Со предложените дополнувања на Законот за води се допрецизира и доуредува постапката и начинот на доделување на концесиите за води, со што се утврдуваат конкретните услови и критериумите кои треба да ги исполнат инвеститорите во областа на водостопанството. Особено значајно е што во целата постапка за доделување на концесијата за вода, се води сметка за одржливото користење на водните ресурси и нивната заштита како медиум на животната средина.

Предлог измените создаваат обврска уште во најраната фаза на иницијативата за доделување на концесија за води, да се консултираат релевантните министерства кои имаат надлежности во управувањето со водите. Во оваа смисла, го прифативме и амандманот од Комисијата за земјоделие, во оваа фаза да биде консултирано и Министерството за локална самоуправа.

Една од предложените измени се состои и во воведувањето на непосредна спогодба за издавање концесија. Со тоа сметаме дека ќе се овозможи привлекување на поголем број на инвеститори во изградбата на нови хидроелектрани во Република Македонија. Предлогот воедно ги утврдува и критериумните кои треба да ги исполнуваат стратешките инвеститори.

Расположивиот технички хидропотенцијал со постојните хидроелектрани во Република Македонија се користи само со 27%, што е недоволно во однос на истиот во земјите во регионот и пошироко. Од друга страна лучеството на производството на електрична енергија во хидроелектраните е од 15 до 20% во задоволување вкупните потреби од електрична енергија, што го прави електроенергетскиот систем во Република Македонија недоволно флексибилен. Од овие причини неопходно е што поинтензивно градење на нови хидроелектрани за кои е потребно обезбедување на значајни финансиски средства и тоа како од странски, така и од домашни инвеститори.

Врз основа на расправата од собраниските комисии, посебно од ЗПК, предлагачот го разледа предлогот на комисијата за продолжување на рокот за издавање на концесија за туристички услуги и тоа наместо 20 да биде зголемен на 30 години. Сепак Владата смета дека рокот од 20 години е сосема соодветен за издавање на концесија за користење на водите на туристичките услуги.Имено при определувањето на рокот од 20 години, се изврши компаративна анализа на роковите во другите земји, пред се земјите на ЕУ и земјите во регионот.

Просечниот рок за овој вид концесија е 15 години, додека во некои приморски земји чии економии во голема мера се потпираат на туризмот, максималниот рок концесиите е 20 години.

Во однос на забелешките за сопственоста на изградените трајни објекти, при добивањето на концесија за туристички услуги, напоменуваме дека тие исклучиво се прашања од имотно-правно

односи и не се предмет на уредување на овој закон.

Земајќи го предвид тоа дека инвеститорот има право на продолжување на рокот на концесија, како и фактот дека е потребно еволуација на влијанието на туризмот врз квалитетот на водите, ставот на Владата е дека периодот од 20 години ќе биде стимулативен за поттикнување на инвестициите во оваа област.

Со предложените измени и дополнување на законот за води, Владата на Република Македонија смета дека ќе создаде услови за поттикнување на инвестициите во Република Македонија, како и дека ќе го зголеми степенот на искористување на хидропотенцијалот на Република Македонија и истовремено ќе обезбеди услови за заштита на водните ресурси во Република Македонија .

Благодарам.

(со седницата продолжи да раководи потпретседателот на Собранието на Република Македонија Слободан Најдовски)

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Џамбазовдки.

Збор има пратеникот Петар Апостолов.

Повелете господине Апостолов.

**Петар Апостолов:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитуван заменик министер, колеги пратеници,

На почетокот ќе нагласам дека ќе го подржам овој предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за води, но сметам дека министерствата кои треба да го предложат новиот закпн за води, кој минатата година беше повлечен од собраниска процедура, треба што побрзо и посериозно да му се посветат на истиот, а не само по потреба да се врши корекција на оделни глави, како што сега се врши корекција на Глава шест односно концесии за користење на водите.

Морам да потенцирам дека хидропотенцијалот на постојните хидроелектрани во Република Македонија, тоа го слушнав и од претставникот на Владата, се користи само со 27%, како што стои и во самото образложение, а учеството во производство на електрична енергија од хидроелектраните е од л15 до 20%. Затоа и обврската за што поскоро донесување на новиот закон за води, за дорегулирање и во другите поглавја , е од големо значење за Република Македонија која пред се е аграрна земја.

Квалитативна промена во овие измени е концесијата за користење на водата да се даде по пат на непосредна спогодба на домашни и странски правни лица кои вложуваат средства за изградба на хидроенергетски објекти, врз основа на договор со Владата на Република Македонија. Сметам дека оваа промена ќе даде свој квалитет и Владата ќе биде доследна во третирањето односно во еднаквиот третман на домашните и странските инвеститори и принципиелно ќе го спроведува законот.

Инаку и во постојниот закон за води, водотеците и езерата може да се дадат на користење со концесија на определено време, на домашни и странски правни и физички лица. Но, искрено мислев, тоа се однесува на времето, е регулирано со подзаконски акти. Но, без разлика, со овие измени се допрецизираат членовите од законот за води, во делот на концесиите, па да се надеваме дека таквото допрецизирање ќе може да привлече домашни и странски инвеститори.

Во новиот член 154-а, во кој министерот за земјоделие, шумарство и водостопанство треба да прибави мислење за отпочнување на постапка за доделување на концесија, од шест министерства, плус Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата и од регулативната комисија за енергетика на Република Македонија. Мене ме плаши само да не се одолговлекува постапката за добивање на тоа мислење, но на Комисијата за земјоделство шумарство и водостопанство, ме уверија дека тоа барање за мислење во исто време е испратено до сите министерства и некаде од 10 до 15 дена ќе биде повратно добиено.

Член 156 кој се менува, сметам дека се коси со член 153, бидејќи во овој член под алинеја 4 имаме само туристички услуги, а во изменетиот член 156 под точка 4, за туристички услуги имаме додавка со изградба на трајни објекти до 20 години.

Јас тоа го предложив како амандман, на Комисијата и се надевам дека овој амандман од страна на претставникот на Владата ќе биде прифатен, бидејќи за траен објект, што ќе биде регулиран со закон, не може да се ограничи времето. Значи, ќе вршиме легализација на тој траен објект, а што ќе стане после 20 години ако концесијата не се продолжи на истото лице.

Исто така се псотавува прашањето зошто такви додавки нема и во претходните точки односно во производство на електрична енергија каде што и таму треба трајни објекти, или пак за одледување на риби во рибници и кафези. Затоа сметам дека треба да стои-за туристички услуги до 20 години.

На крај повторно ќе потенцирам дека министерствата задолжени за предлагање на законот за води треба да го доработат и што побрзо да го достават до Собранието на Република Македонија.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Апостолов.

Има збор пратеникот Илија Китаноски.

**Илија Китаноски:** Во мојава дискусија јас сакам да истакнам дека навистина со овој предлог за изменување, се менува еден комплексен закон односно еден закон кој третира комплексна материја, законот за водите, материја која навистина лбара многу време, многу внимание, многу стручни анализи, при секоја нејзина промена на регулативата. Тоа посебно заради тоа што и досега, во досегашното наше 15 годишно искуство, и претходно, водите воопшто како ресурс се третирани и во самата Влада односно

се третирани и се испреплетуваат надлежностите на повеќе министерства и мислам дека досега требаше да го имаме комплетно новиот закон за води и дел од овие измени што се неопходни да бидат внесени во него. Вака само по потреба, значи дневно политички, Владата таму каде што ќе оцени итност по нејзини проценки, менува членови во овој закон кој, уште еднаш ќе повторам е премногу комплексен за со ваква леснотија да бидат третирани одредени негови членови и пасуси.

Инаку, од текстот на законот и од образложенијата што ги добивме од страна на предлагачот, буквално на се може да се најдат забелешки затоа што навистина се гледа дека е набрзина изработен, освен во потребата за одредени измени во законот за води односно за една покомплексна измена односно еден нов комплексен закон за води кој ќе ги опфати и овие измени кои се неопходни и кои би овозможиле, ако се коректно направени, влез на странски капитал и со тоа би придонеле за натамошна либерализација на пазарот на електрична енергија, што е една од обврските што сме ги превземале пред ЕУ.

Значи, голобалните забелешки на Предлог законот се однесуваат пред се на постапката односно дека за една ваква сложена материја која ја третира водата како важен ресурс и стратешко добро од јавен интерес, донесувањето на вакви измени по итна постапка е неоправдано и неприфатливо.

Втора генерална забелешка е дека давањето на правото за склучување на договори со непосредна спогодба, што е предвидено со измените, веќе е утврдено со Законот за јавни набавки според кој условите кои важат за склучување на вакви договори воопшто не одговараат на целите и намените на овој закон. Уште еднаш да кажам дека со Законот за јавни набавки е прецизирано под кои услови се склучуваат договори за непосредна спогодба, без тендер. Значи давањето на концесии за вода на хидрообјекти, не влегува во ниедна прифатлива категорија содржана во Законот за јавни набавки за склучување на договори со непосредна спогодба, дали е тоа опасност, дали е итност, дали е загрозување на безбедноста, непредвидливи настани итд.

Третата генерална забелешка е дека законот, измените во него се дискриминаторни затоа што и покрај заложбата дека може да важи за сите домашни и странски правни лица, сепак во член 2, првиот услов за давање на концесии за вода за производство на електрична енергија е субјектите да имаат повеќегодишно искуство за управување со хидроенергетски објекти. Овде веќе се нарушува рамноправноста на субјектите затоа што практично овој услов во Македонија во целост може да го исполни само ЕСМ и можеби некои помали комунални претпријатија.

Исто така дискриминаторниот дел е во тоа што се бара поинаква документација во случај на непосредна спогодба, во однос на оние концесии кои би се добиле преку јавен повик, во член 2 и член 3.

Спорни се, исто така и периодите предвидени како најдолг временски период за добивање на концесија, затоа што не се доволно и сериозно елаборирани и се премнонгу долги.

Сега би преминал на посебните забелешки, по членови така како што ги анализирав.

Уште еднаш ќе кажам, ставот 2 од членот на измените на Законот за води, тоа што се предлага, не соодветствува со Законот за јавни набавки, бидејќи се овозможуваат договори со непосредна спогодба и условите се дискриминаторски во однос на домашни и правни лица затоа што сите, како што кажав, освне ЕСМ и некои комунални претпријатија немаат повеќе годишно искуство во управување со хидроенергетски објекти.

член 155-а, во став 2 од овој член не е јасно дефинирано дали техничките барања кои треба да се достават во постапката на јавниот конкурс, треба да се достават пред да се склучи непосредната спогодба, или одкако истата ќе се скучи. Тоа доведува до нерамноправен третман на правните лица кои бараат концесија преку јавен конкурс, за разлика од оние кои ја добиваат концесијата преку непосредна спогодба.

Во членот 155-в, исто така условите за раскинување на концесијата не се соодветно дефинирани и пренесувањето на концесијата, според мое мислење, не смее да се дозволи дури ни со согласност од Владата затоа што се отвора огромен простор за манипулации, препродавање на лиценци итн. Ако некој не сака да ја користи концесијата што ја добил, треба само да ја врати и да се распише нов јавен конкурс за доделување на истата на друг концесионер под услови дефинирани со закон.

Членот 4 го регулира најдолготото времетраење на кое може да се даде концесијата.

Прво, најдолгиот рок е премногу долг, значи 70 години, тоа е повеќе од еден човечки век.

Втората забелешка е што времетраењето се врзува со максималната моќност на хидроенергетскиот објект, наместо со количините на вода затоа што сепак се работи за измени во Законот за води, а не се издаваат концесии за бавење со енергетска дејност, туку концесии за користење на водите за одредена намена, во овој случај за хидроенергетските објекти. Притоа, различните периоди се дефинирани за различни максимални моќности. Овде во случајот предлагачот најверојатно се водел од фактот дека поголеми инсталирани моќности бараат и поголеми финансиски средства за одржување во почетокот што е коректно, меѓутоа, од друга страна е точно дека поголеми инсталирани капацитети даваат и поголеми приходи и побрзо ги враќаат вложените инвестиции.

Наш предлог е за сите категории да се предвиди максимален период од 25 години, колку што

практично изнесува животниот век на хидромеханичката и електричната опрема затоа што после тоа следува секако еден поголем ремонт за ревитализација на хидроелектраната и на тој начин ќе се дефинира барањето за ревитализација на истиот објект по првичниот период од 25 години.

Во членот 5 се дадени само општи насоки за концесијата дека се плаќа надоместок додека нивото, начинот и условите не се дефинирани, а се вели само дека нив ќе ги утврди Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Мислам дека водата како природен ресурс и обновлив ресурс чија цена во наредните години и децении ќе расте не може така едноставно и лесно да се препушти само на цената на таа концесија или методологијата за нејзино утврдување да се препушти само на Минситерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и да се формира ад-хок односно да немаме една прецизна и транспарентно определени постапки.

На крајот од забелешките сметам дека во членот 7 не смее да се брише ставот 2 во чоленот 158 од постојниот закон за води заради тоа што државата, без разлика дали ќе го даде тој објект на концесија не смее да го остави концесионерот без државен надзор и инспекторат. Значи, инспекцијата над објектите и над активностите на концесионерот мора да продолжи и понатаму како стопанисува со водата, дали има загадување на истата, дали се запазени еколошки критериуми, дали правилно и наменски ја користи дадената концесија итн.

На крајот како заклучок, сметам дека предложените измени во законот за води кој третира една многу компллексна материја се иницирани и мотивирани со дневни потреби или дневно политички потреби на Владата, а се потпира една многу сложена и компллексна материја. Мислам дека овие измени треба да одат комплетно со новиот закон за води и да бидат инкорпорирани во него и на тој начин да се добие можност и време навистина да се подготват квалитетни измени во овој домен каде се третира издавањето на концесии за вода.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Китаноски.

Господинот Тома Глигоријевски реплика од три минути.

**Тома Глигоријевски:** Ако добро го разбрав дискутантот се повика дека Владата нема право со непосредна спогодба да склучува договори затоа што така не било регулирано во Законот за јавни набавки. Само ќе му кажам дека во членот 5 од Законот за јавни набавки вели дека одредбите од овој закон, значи Законот за јавни набавки, не се однесуваат и за набавки за: има седум цртички во кои последното е доделување на концесија. Така што да не дојде до забуна, дека Законот за јавни набавки не ја третира проблематиката за доделување на концесија.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Глигоријевски.

Има реплика господинот Драган Ѓорѓиев од три минути.

**Драган Ѓорѓиев:** Благодарам потпретседателе, почитувани пратеници, господине Китановски. Имам неколку забелешки по вашата дискусија. До сега овој закон за води определуваше водата во водотеците и езерата може да се даде на концесија за користење на определено време на домашни и странски правни лица за вршење на производство на електрична енергија, одгледување на риба во рибници, езерски сообраќај и туристички услуги.

Во вашите искажувања итноста на овој закон како да не се согледува во периодот кој доаѓа до крајот на 2005 година или почетокот на 2006 година ни претстои либерализација на пазарот на електрична енергија и можноста за давање на водите посебно на хидроенергетски објекти за производство на електрична енергија со сите овие параметри кои беа кажани можноста за изградба на повеќе хидроелектрани за зголемување на домашното производство на електрична енергија итн., и сега во однос на вашата дискусија.

Ова се суштински измени, мал број на измени, но суштински, а не така комплексни за да одат и да се чека новиот закон за води при што би изгубила самата држава.

Понатаму, во однос на постапката. Ова што го кажа господинот Глигоријевски не можете да споредите по пат на непосредна спогодба со Закон за јавни набавки затоа што во овој закон за води може слободно да се регулира давањето под концесија на користење на водите по пат на непосредна спогодба тогаш кога Владата смета дека имаме стратешки инвеститор кој ќе вложи повеќе пари во повеќе објекти итн.

Значи, исто така, немаме иста документација тогаш кога Владата дава по пат на непосредна спогодба концесија или оди по пат на јавен конкурс. Единствено што сте во право, меѓутоа, што беше изложено од нас како членови на Комисијата за земјоделство е амандманот на членот 2 став 3 алинеја 1, каде треба да се брише таа алинеја во кој треба да се стават во рамноправна позиција домашните правни лица во однос на другите, затоа што едноставно немаме други претпријатија кои имаат повеќегодишно искуство во оваа насока.

Во однос на вашата забелешка да не се овозможи пренесување на концесија, сметам дека би била суштинска грешка затоа што кога имаме вложување од неколку милиони евра, на пример, да не се остави можност да се пренесе конценсија на некои свои партнери или близок на човек кој добро стопанисува и сака да го пренесе концесионерството во изграден и вложен објект од стотици или милиони евра, не е во ред во пазарната економија, а истото се однесува и за времетраењето. Јас сметам дека не е предолго тоа време што се дава за објекти во кои ќе се

вложуваат огромни средства. Значи, не сте во право во 90% од вашата дискусија.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Ѓорѓиев.

Една минута контра реплика за господинот Китаноски.

**Илија Китаноски:** Во една минута не ќе можам се да одговорам, мислам дека она што го кажа колегата тоа е негово мислење односно апсолутно со никакви факти не ме убеди дека давањето под концесија не отвора можности за манипулација. Без разлика во која фаза или ако евентуално има такво пренесување да биде толку прецизно регулирано да таквите можности се минимизираат.

Она што јас го кажав во однос на комплексноста на оваа материја ние Законот за води веќе го имавме во процедура, подготвен, многу полесно ќе беше тој закон доработен да ни се достави овде со овие предложени измени кои се однесуваат на него за да можеме да дискутираме навистина по една материја која, како што и самите кажавте, доста комплексна и дека се добива впечаток дека на овој закон се интервенира по дневно политичка потреба.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Соња Лепиткова.

**Соња Лепиткова:** Благодарам потпретседателе,

почитувани пратеници, почитуван заменик министер за земјоделство.

Предлог законот за изменување и дополнување на законот за води што беше доставен по итна постапка пред пратениците во Либерално-демократската партија претставува еден исклучително важен закон земајќи го предвид односно измени на Предлог на закон, земајќи во предвид дека водите во Република Македонија имаат и треба понатаму да имаат статус на исклучително богатство кое Република Македонија го поседува и во кое има инвестирано и планира да инвестира огромен број на финансиски средства земајќи во предвид дека до сега во поглед на инвестиции од сите типови на објекти кои ја третираат оваа проблматика имаме вложено повеќе од 2 милијарди евра.

Земајќи го ова како факт сметам дека навистина на овие измени треба да се пристапи со целосна сериозност и да се упати до Владата една сугестија, бидејќи пред точно една година во мај месец беше повлечен Предлог законот за води, поинтензивно да поработи на донесување на еден интегрален законски проект со кој ќе имаме закон кој ќе ја регулира оваа и те како важна материја, како што се водите.

Имајќи го тоа во предвид сметам дека Владата интензивно ќе работи на доградување на тие законски проекти и ставање во Собраниска процедура и моите забелешки ќе ги истакнам само конкретно по одредени членови, пред се на членот 1 односно членот 154 кој се менува и се додава нов став 154-а и гласи, јас овде би се согласила со колегата Петар Апостолов кој сугерираше дека по предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство до Владата доставува Предлог за доделување на концесија и се прибавува мислење од поголем дел на субјекти како министерства исто така заводи за заштита на споменици на културата, Регулаторната комисија и мислам дека овде треба да се стави одредена времена рамка, без разлика што се зборува дека тоа со подзаконски акт ќе се регулира, меѓутоа, со сите нови закони кои се предлагаат и Законот за минерални суровини и во новите предлози на Законот еден временски период се предлага, што значи тоа да го регулираме со закон, а не со подзаконски акти би имало многу поголема силина и издржливост со тоа што поголем број на субјекти треба да дадат свое мислење по тоа дали да се додели концесија или не, значи временскиот рок да биде 30, 60 дена, како ќе одлучи Владата, меѓутоа да стои како алтернатива и доколку некој од овие субјекти не достави поради неажурност, ненавремено разгледување на материјалите не по вина на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, доколку целата друга правна процедура е во ред, тогаш неговото мислење да се изземе од тоа и самата концесија сама по себе да стане важечка и на крај Владата ќе може да сублимира да помогнеме кои министерства поради несоодветно работење не се издаваат концесии и не стимулираме приватниот сектор и инвестициите во Република Македонија од некакви правни или лични побуди да бидат како една пречка за остварување на оние заложби кон кои сите тежнееме.

Во членот 2 јас се согласувам дека треба да се отфрли оној дел каде што стои односно членот 155 има повеќе годишно искуство за управување со хидроенергетски објекти. Нашите домашни субјекти во тоа немаат такво повеќегодишно искуство за да им овозможиме на нив да можат да учествуваат и да имаат право на добивање на концесија овој дел како таков да не фигурира.

Ова е чисто техничка грешка во членот 3 по членот 155 се додаваат нови членови 155-а и 157-б, да стои 155-б, 155-в, значи од технички карактер како и во членот 155-а каде што место "топографски, геодетски подлоги"овде стои "продлоги". Ако тоа не е забележано од Законодавно-правната комисија да биде исправено, бидејќи овде треба да стои "подлоги".

Да се навратам само на членот 2 каде пишува концесијата за користење на водите ја дава Владата на Република Македонија, меѓутоа, сметам дека треба да стои по предлог на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ако сакаме да биде во континуитет овој предлог со самиот член 1 односно членот 154-а каде концесијата по предлог на ова Министерство ја издава Владата на Република Македонија.

Она за туристички објекти да стои без трајни објекти, меѓутоа, не до 20 години. Значи, ограничувањето во еден временски рок од 20 години кога некој ќе направи објект со траен

карактер и како таков ќе учествува во развојот на туристичката дејност, мислам дека многу луѓе ќе се подзамислат дали во тој сектор да инвестираат земајќи го во предвид ова временско ограничување иако станува збор за изградба на трајни објекти.

Како што реков и на почетокот, земајќи ја важноста на овој закон за води ќе потенцирам и важноста која овие измени на Законот ја нудат за регулирање на оваа сфера, пратениците од Либерално-демокртската партија ќе го гласаат овој закон, се со цел не само да се уреди оваа материја, туку да се даде подстрек имајќи го во предвид интересот кој го пројавуваат и домашните и странските субјекти за влегување во оваа значајна сфера на работење и живеење во Република Македонија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Лепиткова.

Има збор пратеникот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам потпретседателе, почитуван заменик министре, почитувани колеги.

Еве пред нас имаме уште еден закон т.е. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за води. Значи, ова е дел од она што претходно расправаме Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика. Овие два закони се тесно поврзани и ни се доставени во иста процедура како што беше претходниот закон така го имаме и овој закон. И покрај тоа што за разлика од претходниот, овој е од помал обем, мислам дека донесува суштински промени за кои ќе треба добро да се размисли пред да можеме да ги донесеме затоа што се влегува, еве и моите колеги претходни дискутанти и јас ги имам истите забелешки во однос на членот 1 каде пред да се достави иницијативата за отпочнување на постапка за доделулвање на концесија на предлог на министерот за земјоделие треба да се прибави мислење од Министерството за транспорт и врски, Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за култура, Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата и од Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија. Значи, кога ќе ги прибавиме сите овие потврди, сведоци сме денеска, еве ќе ги разгледуваме извештаите од работењето на многу институции во Република Македонија и кога знаеме како и до ден денеска се решавани овие проблеми во однос на концесијата, во однос на она што значи приватизиран имот и плаќање на отштета, мислам дека има постапки кои се водат 20 години наназад и дека ова што го кажа мојата колешка претходно дека треба да има временскиј рок од 30, 60 дена, мислам дека за да се прибават сите овие потврди ќе биде потребна најмалку една година пред нешто сериозно било кога да може да биде издадено пред да се воведе концесија.

Во однос на членот 2 ставот 2 каде имаме непосредна спогодба на домашни и странски правни лица кои вложуваат средства за изградба на хидроенергетски објекти врз основа на договор со Владата на Република Македонија.

Понатаму во наредните членови каде членот 4 каде се регулира времетраењето колкава е оваа концесија ќе треба да бидеме многу внимателни затоа што сепак, во основа, давањето на концесија и користењето на водите, во овој случај се носи токму поради ова, поради хидроенергетските објекти и можноста за произведување на електрична енергија. И покрај тоа што тука, како што кажуваме, изменување и дополнување на Законот за води, но мислам дека основната цел е поврзана токму со претходниот закон и давање на концесија на водите и обезбедување на изградба на хидро објекти кои што ќе даваат енергија. Во секој случај тука треба веќе ако се говори во интерес на користењето на водите и она што значи моментално енергетска состојба во Република Македонија би требало да се види и за овој воден потенцијал што во моментот го користи Електростопанство на Македонија, дали со оваа концесија и со овој начин на концесионирање дел од тие води ќе потпаднат и ќе можат да се дадат на концесија и користење на правни субјекти и тоа со непосредна спогодба, дали се тоа домашни, или странски правни лица. Мислам тоа треба да го дефинираме и да знаеме за што сме се договориле.

Во однос на договорот од став 2 на овој член каде што кажуваме, особено треба да содржи обезбедување на локација за изградба на објектот и разрешување на имотно-правните односи во врска со земјиштето. Токму за ова говорам и знам кои проблеми ги има Електростопанство на Македонија, како со хидро потенцијалот, како во моментот луѓе кои сеуште бараат изградба на патишта, плаќање на сопственото земјиште, рушење на нивните куќи кои што сеуште не се платени, поминале 10, 20 години од тогаш и ние како ќе побараме од некого за изградба на објект, говорам за поголеми објекти се разбира, не за објекти кои што ќе имаат по 2 мегавати снага кои што бидат зафаќања од оделен дел од водите. Во секој случај доколку некој преземе изградба на хидро објект со поголем потенцијал, мислам дека за да се регулира сето ова ќе претставува голем проблем како од финансиски аспект, така и во однос на правната регулатива за да може сето ова да биде задоволено.

Во однос на членот 4 за хидроелектрични централи со инсталирана моќност над 10 мегавати до 70 години со инсталирана моќност од 2 до 10 мегавати, 50 години и под 2 мегавати до 30 години. Мислам дека тука треба да се регулира комплетно не само во законот за водите, туку и во законот за енергетика токму овој дел требаше да го дефинира и за да биде заедничко, затоа што тука имаме веќе производство на електрична енергија за кое што говориме и мислам дека хидроелектричните централи со инсталирана

моќност над 10 мегавати треба да бидат поврзани со она што значи повраток на средствата кои што инвеститорот или концесионерот би ги дал во објектот, а после тоа да дојдеме во ситуација дали таа концесија ќе се продолжи, или нема да се продолжи да биде повторно договор и тогаш да знаеме за колку години сето тоа може да се продолжи. Треба да се обезбеди она што значи, како што кажувате тука, изградба на трајни објекти за туристички услуги, исто ќе треба и за хидроелектричните централи да постои после тоа трајните објекти дали останувaат во сопственост на концесионерот, во сопственост на државата, или се даваат комплетно повторно за концесија после тие поминати, мислам дека 70 години се сепак премногу време, затоа што една централа максимум за 50 години така да кажам во една максимална работа која што ја имала за текот на своето постоење би ги вратила парите кои што се вложени во неа. Значи, тука треба да се види колку всушност некој инвестирал и за колку години сето тоа може да се врати и тоа да биде рокот после кој што концесијата би требало да прекине и да се бара нова концесија, или да ја нема.

Би се задржал на членот 6, тоа е новиот член 157-б каде што се говори: ако за време на користењето на концесијата настанат промени во режимот на водите поради кои треба да се ограничи обемот на користење на водата, или треба да се прилагоди на ново настанатата состојба, концесионерот е должен да преземе мерки кои во врска со тоа ќе му ги наложи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство согласно овој закон. И ставот 2, во случајот од ставот 1 на овој член концесионерот има право на надоместок на штетата според општите прописи за надоместок на штета. Значи, овој став 2 кажува дека ставот 1, ние ќе треба да најдеме и кој земал, нормално некои непредвидени ситуации кои би можеле да се случат. За било која друга ситуација треба да се знае виновникот и кој ќе ги сноси овие последици, затоа што концесијата со Планот за развој на Република Македонија ние треба да знаеме и Планот на водите и ова што го говориме во 2004 година беше повлечен Законот за води и од тогаш ништо не е донесено пред ова Собрание. Мислам дека законот вакви делови од поделни закони адхок донесувани според дневно политичките потреби носат една ситуација во која што утре, затоа што тука се работи за концесии од 50, 70 години, некој може не само од концесијата, туку од оваа оштета да добие повеќе пари отколку што Република Македонија може да добие од останатите 10 концесии кои што ќе ги има во определениот рок. Затоа господа треба да се внимава, треба да одиме етапно, да знаеме за што говориме, да знаеме кој е планот, кој е развојот и како ќе се одвиваат работите. И тој план беше повлечен, законот за води повлечен. Законот за енергетика ќе биде донесен во месец октомври. Мислам дека е премногу конфузно од страна на Владата, затоа што овие работи и овие предлози и два предлози што ни се доставени нас како на пратеници се поврзани еден со друг и имаат многу заедничко. Значи, се работи за скорешната продажба на Електростопанство на Македонија, така што и овој закон за води и претходниот закон за енергетика се обврска на Владата, но треба внимание. Не треба да се донесе се заради проформа што велиме, за да имаме запазено рок, или термин за кој што некој закон сме го дале во Собрание, а после тоа амандмански, или незнам со новиот закон кој што еве, три години го чекаме, изгледа ќе го почекаме уште две и ќе биде донесен, со тоа што со тој закон ќе се променат комплетно овие закони што сега ги вградуваме во истиот. Затоа господа, малку повеќе внимани и трпение. Кога ќе се донесе предлогот мислам дека треба да биде исцрпен и да држи место, затоа што и сега и после година, две, или пет, не би трпел промени, а не сега за два месеци да добиеме нов предлог на закон во кој што ова нема да важи повеќе.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Има збор пратеникот Тома Глигоријевски.

Повелете господине Глигоријевски.

**Тома Глигоријевски:** Благодарам господине потпретседател, јас се сложувам дека измените на овој закон ни требаат под итна постапка, со оглед на тоа дека и потребите на потенцијалните интересенти за приватизација на Електростопанство на Македонија сакаат да бидат чисти во областа дали државата на фирмата ќе им обезбеди и ќе им даде концесија за користењето на водите. Мислам дека треба да се прифати овој Предлог на закон. Меѓутоа, би сакал да укажам на неколку нелогичности кои според мене би требало да се исправат, дали сега, дали евентуално со донесувањето на подоцнежниот комплетно закон за води кој викаме дека е повлечен и дека дополнително ќе се договараме.

Прво, не ми е јасно, ако веќе се уредува концесијата и можноста за давање на концесии за водите, зошто не се менува и членот 153 каде што се вели, дека водите можат да се дадат под концесија за одгледување на риби и рибници во кафези. Зошто да не може да се даваат и за одгледување на јагоди, школки, жаби.

Втората забелешка ми е на членот 1 каде што се наведени сите тела од кого што иницијаторот за давање на концесија Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство треба да побара мислење. Ми се чини дека се измешани сите и доаѓаме во ситуација дека ако некој бара концесија за езерски сообраќај помеѓу Охрид и Свети Наум, или Охрид и на другата страна спрема Албанија, дека треба да бара мислење и од Регулаторната комисија, или од Републичкиот завод за заштита на споменици, или ако некој сака таму да чува риби во кафези иницијаторот, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопаснтво треба да бара мислење од Регулаторната комисија. Ја усложнува постапката и би требало барањата на надлежните органи и

тела кои што треба да дадат свое мислење да се разграничат според посебните услови за давање на концесија кои се предвидени со законот.

Што се однесува до членот 2 за можноста Владата да склучи непосредна спогодба за давање под концесија на субјект кој сака да гради хидроцентрала. И точка, или цртичка три каде што вели: обезбедиле финансиска гаранција која одговара на вредноста за реализирање на обејктот. По мене ова ќе преставува само кочница во реализирање на секој објект, затоа што сега да се јави некој странски партнер да сака да го гради Чебрен кој што чини 400 милиони евра и веднаш во старт да мора да обезбеди финансиска гаранција, а тоа најверојатно е некоја банкарска гаранција, бидејќи ако не е банкарска, позади него ќе мора да стои гаранција од неговата Влада од земјата од каде што доаѓа, или незнам каква друга гаранција. Меѓутоа за една таква гаранција за такви суми прво потребни се многу големи провизии, од неа ќе произлезе и барање на обезбедување на контра гаранција од државата, затоа што и тој сака да гарантира ако добие концесија за 70 години, дека утре нема да се промени некоја законска регулатива и дека правото на концесија ќе му се одземе. Значи, тоа само ќе го поскапи проектот, поготово што во членот 157, или 156, 155-в, вели дека договор за концесија може да се раскине пред истекот на рокот за времето на кое е доделена концесијата, ако концесионерот не започне со изградба на објектот. Значи, не ја гледам суштината зошто ако некој сака да гради брана, да не кажам да го реализира проектот кој со децении стои Вардарска Долина и кој сигурно ќе чини милијарда евра, да му бараме гаранција за милијарда евра, незнам колку ќе се нафати воопшто да го прави тој проект.

Во членот 155-а, се вели: јавниот конкурс се организира како постапка за доделување на концесија со јавен повик при што заинтересираните лица треба да достават документација наведена во јавниот оглас која најмалку треба да содржи: приказ на решение на објектот, на топографски и геодетски подлоги, податоци за катастарски прописи и т.н. Мислам дека Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство треба да ја покрене иницијативата дека одреден водотек може да се даде под концесија за да има некоја финансика корист државата од тоа. Ние треба да ги убедиме потенцијалните инвеститори дека тоа за нив е исплатлив проект. И сега ако некој сака да се јави на дел од водите на Брегалница да изгради рибници и ние ќе му бараме карактеристични водни претеци за 10 години. Прво, тој ги нема тие податоци. Тие податоци треба да ги има државата, Републичкиот хидрометереолошки завод, да побараме геодетски подлоги, мислам тоа се податоци кои ние треба да му ги дадеме за да го привлечеме како инвеститор, а не да ги бараме од него.

И во членот 155-в, првата цртичка, значи што третира, договор за концесија може да се раскине пред истекот на времето доколку концесионерот не започне со изградба на објектот. Ако почне да го гради Чебрен, тој за две години само патот не може да го направи. Така што мислам дека треба да стои: не започне со реализација на проектот. А додека да дојде објектот да го гради, конкретно браната ќе треба малку повеќе да се помачи.

Последната забелешка ми е на член 4, барањето за продолжување на концесијата. Бидејки одобрувањето го дава Владата и барањето за евентуално продолжување треба да биде доставено до Владата, а после Владата да си бара мислења од сите надлежни министерства, затоа што ако овде пишува, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство прво, можеби и после 20, 30 години кога ќе дојде време да се продолжува барањето за концесијата, такво министерство можеби и нема да постои, или ќе има некое друго минситерство, ќе биде поделено, или интегрирано, незнам како. Затоа мислам дека Владата е компетентна бидејки таа ја дава концесијата и таа го дава продолжувањето на концесијата, а мислења може да си прибавува од сите надлежни тела за кои мисли дека и требаат пред донесување на соодветната одлука.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Глигоријевски.

Повелете госпоѓо Бонева, имате збор.

**Силвана Бонева:** Благодарам, почитуван претседателе, пред нас го имаме законот за води, измените и дополнувањата. Би сакала сосема накратко да се осврнам што значи водата како природен ресурс за една земја и какво богатство е таа. Меѓутоа, во интерес на времето не би должела многу и тоа што сакам да кажам е дека навистина сериозно во пристапот на овој закон треба да тргнеме од се почестите забелешки, искажувања и на ООН, бидејки 2003 година беше прогласена како меѓународна година на свежа вода. И од тука треба да тргнеме, проблемите кои што ги имаат многу земји во светот од недостиг на вода, слатка вода за пиење и тоа што се повеќе и повеќе преовладува мислењето дека во иднина војните во светот нема да бидат за нафта, туку ќе бидат за вода. Значи, значењето што го има овој закон е огромно за иднината на Република Македонија, бидејки се работи за најважниот природен ресурс, а тоа е слатката вода. Затоа почитувани дами и господа одредбите од новиот закон за води со кој што се утврдува давањето на концесија за вода на 30, 50, или 70 години, сметам дека е злосторство кон граѓаните на Република Македонија и кон нивните поколенија.

Клучно прашање е како некој денес може да одредеи колкав треба да биде реалниот надомест за вода по 30, 50 или 70 години, бидејки вакво законско решение речиси нема никаде во светот. Цената на водата не може да се одреди ниту за неколку години однапред, а камоли за 70 години. Ниту еден експерт за водни ресурси во светот не се осмелува ниту да прогнозира колкава ќе биде цената на водата после 10, или 15 години, така што потребно е висината на надоместок за

користење на водата да се ревидира на секои 2, или 3 години. Во светот најделикатно е давањето на концесии за вода токму заради неможноста прецизно да се одреди вредноста на концесијата за подолг временски рок. Понатаму давањето на концесија за вода со непосредна спогодба без јавен конкурс е крупен извор на можна корупција за која што Владата постојано зборува, меѓутоа изгледа само вербално се залага. Владата во член 2 предлага, цитирам: "концесии за користење на водата може да се даде и по пат на непсоредна спогодба на домашни и странски правни лица кои што вложуваат средства за изградба на хидроенергетски објекти врз основа на договор со Владата на Република Македонија". Повторно ќе кажам, ваквото решение е крупен извор на можна корупција. Апсолутно не е јасно зошто е потребно со непосредна спогодба во четири очи, без јавен конкурс да се даде концесија за вода. Како ќе ја убедите јавноста почитувани дами и господа дека токму ваквиот договор за концесија на вода кој што е склучен со непосредна спогодба е најдобриот договор за Република Македонија и ги задоволува максимално државните интереси на Република Македонија и е најдобриот избор. Јасно е дека секогаш ќе остане сомневањето дека бил можен и подобар договор со некој друг концесионер. Инсистирањето на Владата да даде концесија на вода по пат на непсоредна спогодба, повторно ќе кажам не треба да биде основ за корупција, меѓутоа за мене е доказ дека Владата само вербално се залага за борба против корупцијата, бидејќи со тоа се остава можност да јакне корупцијата со правење на крупни зделки во четири очи. Понатаму, во членот 2 се вели дека договор со непосредна спогодба може да се склучи со домашни, или странски правни лица, меѓутоа кои што имаат повеќегодишно искуство во управување со хидроенергетски објекти, помеѓу другото кои услови треба да бидат исполнети, се вели дека и концесионери кои што обезбедиле финансиска гаранција која одговара на вредноста за реализирање на објектот.

Значи Владата ќе може да склучи договор за непосредна спогодба, меѓутоа, само со странски правни лица, не и со домашни, затоа што реалноста кај нас е таква што освен Електростопанство на Македонија, кој што Владата го подели сега и сака да го продаде, не постои домашно правно лице со повеќегодишно искуство во управување со хидроенергетски објекти, според Предлог законот видовме дека тоа е услов за склучување на таков договор. Имаме неколку хидромелиоративни системи, како што е Стрежево во Битола, неколку водостопански претпријатија кои имаа повеќегодишно искуство во управување со хидроенергетски објекти, а тоа е според Законот услов за склучување на договорот за концесија со непосредна спогодба, меѓутоа, знаеме постојните домашни правни лица не можат да бидат тие кои ќе ги исполнат сите овие услови за да се склучи договор за концесија со нив. Тоа значи дека законските решенија кои се содржани во Предлогот на законот за води, практично оневозможуваат домашни правни лица да земат позначајно учество во добивањето на концесии за вода по пат на непосредба спогодба.

Понатаму, почитувани колеги, сметам дека е потребно да се изработи методологија за пресметка на висината на надоместок за концесија и таа методологија да се ревидира на две или три години, со оглед дека, повторно ќе кажам, никој денес не може да одреди колкав треба да биде реалниот надомест за вода за по 30, 50 или 70 години и ниеден експерт за водни ресурси во светот не се осмелува да прогнозира колкава ќе биде цената на водата после 10 или 15 години. Неопходно е со користење на светските искуства да се изработи методологија за пресметка на висината на надоместокот за концесија и таа методологија да се ревидира.

Токму поради овие причини државите многу ретко го преземаат ризикот да даваат концесии на вода и затоа е потребна долготрајна методологија и независен субјект што ќе ја применува, слично како што се постапи со формирањето на Регулаторната комисија за енергетика, што ќе биде транспарентна и за граѓаните и за инвеститорите.

Понатаму, сметам дека најдолго време на кое може да се додели концесијата за користење на вода треба да биде максимум 25 години. Вообичаената пракса во светот е времетраењето на концесиите за води да не биде подолго од 20, 25 години, со оглед дека животниот век на еден хидроенергетски објект, после кој што е потребна негова ревитализација, е околу 25 години. Затоа е нејасно зошто се предлага најдолгото време на кое може да се додели концесија за користење на вода за производство на електрична енергија да изнесува дури 70 години. Ваквото решение практично значи дека и нашите внуци можеби нема да дочекаат завршување на времетраењето на концесијата.

Понатаму, потребно е да се направи споредбена анализа на висината и времетраењето на концесиите за води во истите вакви закони со земјите на Европската унија и земјите кандидатки за членство во Европската унија, бидејќи предложените законски решенија не соодветствуваат на светските искуства од концесионерството на водните ресурси и не е јасно врз база на кои постојни закони за води од Европската унија или од развиените земји во светот Владата го изработила овој Предлог на закон. Значи неопходно е потребно во законот да се направи една споредбена анализа на висината и времетраењето на концесиите за води во соодветните закони на земјите на Европската унија и земјите кандидатки за членство, се со цел сите ние заеднички да се убедиме кое е тоа најдобро решение што е прифатливо за развиените земји, туку да се најдеме и ние односно да си го најдеме сопствениот интерес.

И сосема на крајот, во Предлог законот за води во членот 155 се вели дека "договорот за концесија може да се раскине пред

истекот на времете за кое е доделена концесијата, ако концесионерот не започне со изградба на објект во рок од две години од денот на склучување на договорот за концесија". Не е јасно зошто се предлага ваков долг рок од две години за почеток на изградбата, вообичаено е рокот за почетокот на изградба на објектот да биде шест месеци од денот на склучување на договорот за концесија.

Јас би имала накратко толку да кажам за измените кои што се предлагаат во Законот за води и сметам дека е многу сериозна проблематиката која што се третира. Не значи дека укажувањата кои што беа кога расправавме за референдумот за продажба на Електростопанство на Македонија дека немаме закон за енергетика, дека немаме применлив закон за концесии на води што јасно ќе ги регулира односите, тоа не значи дека е постигнато конкретно со Законот за води. Значи остануваат многу отворени прашања и многу сериозно треба да се разгледа овој Предлог за донесување на закон со Предлог на закон и заради тоа мислиме дека најдобро ќе биде во две фази да биде донесен законот. Значи овој закон да го гледаме како закон во прва фаза, да се остави можност за сите овие прашања кои кај сите нас предизвикуваат дилема, не само кај нас пратениците, туку и кај експертската јавност и кај целокупната јавност во Република Македонија да се дадат сериозно одговори, да ги убедиме граѓаните на Република Македонија дека она што го правиме со овој закон за води во однос на концесиите на најголемото природно богатство е најдоброто нешто што може да го направи Република Македонија и кое во исто време ќе го придвижи развојот на државата Република Македонија, а не дека ќе ги казнуваме идните генерации.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

За реплика се јави пратеникот Јанаќе Витановски. Повелете 3 минути.

**Јанаќе Витановски:** Благодарам претседателе.

Се јавив за реплика само со една единствена цел, бидејќи колешката ...

**Љупчо Јордановски:** Само да ве прекинам, бидејќи господинот Голомеов имаше реплика, завршете вие, и неговата реплика ќе ја сослушаме, па ќе одиме на пауза.

**Јанаќе Витановски:** Благодарам.

Мислам дека колешката Силвана Бонева искажа една реченица што мислев дека не доликува да се каже во овој Парламент и мислев дека не треба да се употребува зборот "злосторство" врз граѓаните. Сметам дека со такви зборови не одиме никаде и нема да го подобриме ниту текстот на законот, ниту самиот закон.

Тоа што го кажав во контекст на времетраењето на концесијата, моето мислење колешке Силвана е дека концесијата (во членот 4) и времетраењето е определено според Законот што сега го имаме ние овде и ниеден инвеститор, дали е домашен или странски, за да изгради хидроелектрична централа и да вложи еден милион евра за пет години не би вложувал. Заради тоа се тие години во кои тој треба и да вложи и од тоа да има своја корист и тоа се објекти за подолг период.

Втората работа, мислам дека целта на овој закон е да создадеме правна рамка во која ќе ги уредиме постапката за издавање на концесијата, начинот и времетраењето кое ќе се уредува со договор. Таа цел мислам дека ја постигнуваме со овој закон. Со овој закон ќе привлечеме голем број странски инвестиции, што е и наша цел, да привлечеме што поголем број инвеститори во Република Македонија.

И мое лично мислење - ова не е како реплика - мислам дека е потребно да донесеме нов закон за води во кој ќе ги уредиме условите и начинот на употребата и водите, користењето, заштитата, концесијата итн.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете госпоѓо Бонева една минута.

**Силвана Бонева:** Повторно ќе повторам почитуван колега дека е злосторство за граѓаните на Република Македонија доколку најважниот ресурс, природен ресурс кој што го има Република Македонија, значи слатките води, се дадат на користење под концесија на 70 години, без да биде утврдена јасна методологија колку тие треба да платат и од каде да знае Владата на Република Македонија во моментот, после 15 години која би била цената односно висината на надоместокот што треба да го плати некој концесионер, со оглед на тоа што се повеќе и повеќе во светот недостигаат слатките води, а тоа е основното нешто за опстанок на човештвото. Значи ако на странски лица се дадат нашите природни ресурси да се користат на 70 години, тоа значи дека Република Македонија се откажува за 70 години од својот најголем природен ресурс.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете, господине Голомеов, три минути реплика.

**Благој Голомеов:** Благодарам, господине претседателе.

Јас би реплицирал на два навода од страна на почитуваната колешка.

Прво, по последните испитувања на јавното мнение, јасно е дека повеќе од 85% од граѓаните сметаат дека економските проблеми се приоритетни за Република Македонија, преку 80% од граѓаните сметаат дека на Република Македонија и недостигаат квалитетни странски инвестиции. Но секогаш кога ќе се донесе законско решение кое треба да отвори врата за тие квалитетни странски инвестиции, секое законско решение го пречекуваме на нож, би рекол од страна на опозицијата. Наводите за членот 2, кој овозможува со договор и непосредно спогодување Владата да пристапи кон давање концесии за изградба на хидроенергетски објекти, само на хидроенергетски објекти, според мене се

сосема нормална работа. Ние се однесуваме како пред врата со редици чекаат инвеститори, а сега ќе ги селектираме. Она што мораме да го направиме е да ги стимулираме странските инвеститори, а хидроенергетски објекти се градат со многу пари. Тоа можат да го прават само компании кои претставуваат одредени брендови. Имаме ситуација во која само 27% од хидро потенцијалот е искористен, само 15 до 20% учествува во производство на електрична енергија. Значи имаме еден огромен ресурс за кој треба да ги стимулираме странските инвеститори да дојдат и да почнат да градат. Затоа, овој член е сосема во ред, се со цел да се најде начин тие компании да се стимулираат да влезат во овој бизнис. Од друга страна, ако некој го злоупотреби тоа, како што беше случајот се Телекомот, изгледа секогаш кога се дискутира на оваа тема се има предвид од страна на колегите од опозицијата продажбата на Телекомот, тогаш секоја Влада што такво нешто ќе направи ќе ги сноси консеквенците на избори. Еднаш треба да сватиме дека со правата следуваат и одговорностите. Затоа, сметам дека овој член е во таа функција и треба да се поддржи.

Од друга страна, концесии на 20 до 25 години за хидроенергетски објекти со над 10 мегавати, за кои треба огромни инвестиции, се поставува прашањето кој е тој што ќе дојде да инвестира ако не може квалитетно да ја врати својата инвестиција. А за 20 до 25 години се поставува прашање дали некој може воопшто да поднесе, а камо ли и да врати инвестиција во хидроенергетски објект.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Една минута контра реплика, госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Почитуван колега, опозицијата воопшто не е против квалитетни странски инвестиции да влегуваат во Република Македонија. Она за што зборував е да си го браниме прво нашиот државен интерес, да ги консултираме експертите, домашните но и странските, да направиме споредба на нашето законодавство со законодавството на земјите на Европската унија и другите развиени земји, за да можеме да го дадеме најдоброто решение во законот бранејќи ги сопствените национални интереси. Не по секоја цена да дојдат инвеститори во Република Македонија и да ги распродадеме сите природни богатства на Република Македонија. Значи дискусијата воопшто не беше во тој правец и моето искажување беше против директните односно непосредни спогодби, туку преку јавен тендер да се дојде до најдобриот понудувач за давање на концесија.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Објавувам пауза до 15,00 часот, а потоа ќе следи гласањето.

(Пауза од 14,00 часот).

(По паузата)

(Седницата продолжи со работа во 15,00 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата, треба да пристапиме кон гласање.

(Пратеници влегуваат во салата)

Ги молам пртениците да влезат во салата.

Искрено да ви кажам. Она што е за државата битно, законите си ги донесовме. Сега имаме информации. Информациите, ако нема расположение меѓу пратениците да се гледат, може и да ги одложиме. Затоа, ве молам пратениците да влезат во салата да го завршиме дневниот ред.

Господа пратеници,јас ќе морам да ги вклучам десетте минути за кворум. Инаку ја повикувам опозицијата да влезе затоа што во меѓувреме, во неформален разговор тие многу се расположени да дискутираат за Годишниот извештај за работа на Народниот правобранител. Ако сакаат да дојдат опозицијата,таа точка е на дневен ред. Еве сега им порачувам да дојдат овде да го изгласаме овој закон, односно да го поминеме гласањето, не мора да биде позитивно. Инаку, овие извештаи ќе бидат на Интернет и јас дополнително може да ја закажам, во врска со овие извештаи дури и во декември. Тоа ми го дозволува Правилникот и Деловникот. Затоа ја молам опозицијата да влезе, ако сака да се изјасни сега, и денеска за извештаите што се на дневен ред.

Десетте минути почнуваат да течат.

Ги молам службите да го утврдат бројот.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници)

Има уште две минути.

Вакво нешто ни на берза нема.

Има уште минута време, ги молам пратениците од опозицијата, како што ми ветија дека ќе влезат, да влезат.

Бидејќи измина времето, уште еднаш ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Ги молам службите да го утврдат бројот.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници)

Господа пратеници, во салата се присутни 56 пратеника, по Деловникот не може да поминам на идната точка, без да гласаме она што треба да го изгласаме.

Господине Мемети и господине Тошевски, можете да земете годишен одмор, кога ќе дојде вашата точка на дневен ред, ќе дојде. Инаку, вашите информации и извештаи се на Интернет, па граѓаните може да бидат запознаени.

Следниот пат ги молам позицијата да биде присутна тука за да можеме да го изгласаме законот со кворум.Благодарам.

Дополнително ќе биде закажано продолжението.

(Седницата прекина со работа во 15,20 часот)